## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Првото продолжение на Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ангелка Пеева Лауренчиќ, Стојан Андов, Ристана Лалчевска, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Рафет Муминовиќ, Борче Петковски, Али Ахмети, Абдулади Вејсели, Љубчо Ѓоргиевски и Аднан Ќахил, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со втората точка - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.**

Продолжуваме со општиот претрес.

Има збор господинот Караџоски.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги, денес е втор ден како расправаме по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година или популарно наречен ребаланс на Буџетот. Би сакал накратко да дадам и некое свое видување во однос на она што овде ни се нуди.

Од самиот Предлог очигледна е потребата да се измени Буџетот онака како што е проектиран и тоа е најголемата причина поради која пристапуваме кон измена на Буџетот, односно се очекува поголем приход од даночните приходи, поради тоа што и ова петмесечје односно шестмесечје покажа, ако се продолжи со оваа стапка односно овој начин или ако во ваков циклус и понатаму се одвива приходот, треба да го надмине проектираниот во Буџетот за 2005 година во вкупен износ од 56.502.000.000 денари. Тоа е едната причина поради која во ребалансот се зголемуваат вкупните приходи и се проектираат со самиот ребаланс на 59.905.000.000 денари, па поместувајќи ја така приходната страна според вака проектираниот ребаланс се поместува и вкупната расходна страна, што значи имаме зголемување на вкупниот буџет за 2005 година, односно планираниот со овој ребаланс на 60.825.000.000 денари. Тоа е главната причина поради која Владата предлага измени на Буџетот за 2005 година и како една друга причина е тоа што според политиката на Владата со ребалансот сега буџетскиот дефицит значајно се намалува, односно од проектираните 2.704.000 се намалува на 920 милиони денари. Тоа е според политиката на предлагачот, сметајќи дека со тоа, со вака намалениот дефицит нема да се намали или нема значително да се измени и делот на расходите, односно вкупните расходи, тоа значи дека нема да има големо поместување, иако една од поголемите дискусии во вчерашниот ден, а верувам и во денешниот беше, според одредени пратеници, зошто дефицитот е намален и која е причината поради која дефицитот се намалува. Ако се земе предвид дека дефицитот значи задолжување и акоземеме предвид врз основа на што е потребен дефицитот, поточно каде одат тие пари од дефицитот, јасно е од самото образложение дека најголем дел, ако не и сите средства, одат за надомест на загубата во Народната банка на Република Македонија, согласно законот кој овде го усвоивме пред некој ден. Значи Владата се определила дефицитот да го сведе, според она што сега го има на располагање, на најниското ниво, со една политика на задолжување на она што е неопходно потребно, барем вака како што е проектиран самиот Буџет.

Инаку, во самото образложение на Буџетот ни е дадена и макроекономската политика, значи она што е остварено во овој шестмесечен период и можеби тука е и онаа забелешка или приина за сета онаа дискусија што се истакна од сите пратеници затоа што кога се носи Буџет на Република Македонија, преку неговите приходни и расходни страни, се гледа јасната политика на Владата, поточно политиката каква ќе ни биде економијата во 2005 година. Јас би кажал само едно, а тоа го кажав и кога го донесувавме Буџетот за 2005 година, дека она што беше зацртано во рамките на проектирањето на Буџетот за 2005 година како макроекономска политика, како политика на економски развој, таа линија ја задржува и сега, некои позначајни измени ребалансот не прави, освен оние поместувања во смисла на приходите и расходите и она што според ова шестомесечје укажа дека треба да има поместувања особено во делот на приходната страна, затоа што показателите при наплатата на даноците, особено кај данокот на додадената вредност укажува дека ако продолжи со ова темпо тој приод ќе ја надмине проектираната граница.

За мене тука се поставува едно интересно прашање. Според табелата што овде е прикажана од која очигледно се гледа дека на приходната страна во шестмесечјето има некој позитивен тренд во смисла на проектираното, особено кај данокот на додадената вредност, но и кај другите даноци, данокот на добивка, па и персоналниот данок, можеби голем дел од проектираниот буџет во овој период покажува наплата, особено на данокот на добивка, што до сега беше реткост. Меѓутоа, еве, конечно и наплатата на тој данок добива своја нагорна линија. Интересно е прашањето или можеби тука е дилемата, бидејќи се виде дека има некоја поголема наплата која

може да се базира на поголемата дисциплина, односно зајакнатите мерки од страна на Владата во смисла на наплатата на даноците или имаме слабо проектирање односно планирање во однос на тоа колкав приход може да се оствари по основ на овие даноци. Тука не можам да ја расчистам дилемата, а според мене и понатаму ќе остане таа дилема дали причината за ваков подем или пораст на приходната страна по основ на даноците е тоа што е зголемена дисциплината, односно намалена е сивата економија во одреден дел, односно евазијата или ненаплатувањето на даноците, или има слабо проектирање. Можеби првата варијанта што ја спомнувам е поверодостојна, односно втората дека ни е слаба математиката кога го проектираме Буџетот, затоа што не ми е јасно кога последните месец дена во Република Македонија, особено од страна на почитуваниот министер, се зборува за појава на една категорија, која имав прилика прв пат да ја слушнам, тоа е даночната пирамида со која јавноста се занимава скоро еден месец, зборува што е тоа даночна пирамида. Имено, кога е СДСМ на власт имаме прилика да слушаме дека имаме различни пирамиди, на времето постоеше пирамидална штедилница, сега постојат даночни пирамиди и кај јавноста тоа создава недоумица што се случува. Објаснувањето од страна на министерот и Владата е дека во основа даночната пирамида претставува изигрување на обврските согласно законот при плаќањето на даноците. Кога излезе тоа во јавноста, се манипулираше со одредени бројки, кои можеби не беа кажани децидно, но се истакнуваше дека сепак голем број субјекти прават изигрување во однос на плаќањето на својата законска обврска по основ на даноците, така што тука имавме разни изјави и од премиерот и до ден денес таа работа не е расчистена. Она што останува да виси како прашање, а секако во текот на оваа година, можеби кога ќе ја усвојуваме завршната сметка на Буџетот, ќе биде поставено прашањето колку таа даночна пирамида ќе ја чини Република Македонија, поточно, колку пари се одлеале од касата, од буџетската каса, значи колку се тие фирми, колкав е тој износ, кои се тие и тн., што и овие денови провејува и на крајот на краиштата колку тоа ќе ја чини оваа држава. Од друга страна, ако не постоеше појавата на даночната пирамида, ние би се соочиле со уште поголеми приходи по основ на плаќање даноци. Сега не е јасно дали министерот или Министерството за финансии или Владата ова го има предвид, значи во проектирањето на ребалансот до крајот на годината очекува некој прилив на страната на даночните приходи, кој како што е во првите шест месеци би требало да ја задржи таа линија до крајот на годината и заради тоа го поместуваме вкупниот приходен распоред во буџетските приходи, ако се земе предвид дека до крајот на годината би требало да излезе на виделина што се случува со даночната пирамида или со изигрувањето, односно со оштетувањето кое од страна на големите фирми се прави во Македонија. Или можеби со самата проекција која сега ни се нуди во ребалансот целата оваа пирамида или целото случување во тој дел ќе заврши како што почна, бурно, но само во јавноста, без некој конкретен епилог. Можеби тука политиката ќе ги замеша своите раце и сето тоа ќе се стави или ќе падне во некаков заборав. Тоа е една битна работа која мора да ја расчистиме, мора да знаеме колку таа пирамида ќе ја чини Република Македонија и дали министерот за финансии или Владата знае од прилика за колкава сума станува збор, затоа што при една ваква проекција на буџетските приходи до крајот на годината мора да се земе предвид дека огромен или еден голем дел на даночни обврзници на овој начин не ја плаќа својата законска обврска, поточно Република Македонија губи одредени средства и тоа мора да се калкулира во самата приходна страна. Значи тоа ќе остане нејасно.

Ако ги согледаме параметрите на макроекономската политика, добро се сеќавам дека кога го донесувавме Буџетот главната поента на која се базираше Буџетот во смисла на економскиот раст, во смисла на порастот на проектираниот бруто домашен производ, во смисла на планираниот праст од 3,8% како што овде се нуди, главната проекција за да се оствари еден таков процент на пораст на бруто домашниот производ се базираше на два сегменти, на два или три главни показатели. Едниот показател беше, ако добро се сеќавам, рестартирањето на производните капацитети се очекуваше дека 2005 година ќе имаме многу повеќе, или оние што останаа да се дорестартираат и да почнат со производство, што ќе значи пораст на бруто домашниот производ. Тоа беше како една стратешка позиција на Владата. А втората беше со заживувањето на бесцаринската зона Бунарџик, како една главна проекција во смисла на остварување на проектираниот бруто домашен производ и третата беше порастот на самото индустриско производство, што овде ни се објаснува дека бележи пораст. Меѓутоа, во самото образложение тука се дава образложување дека македонската индустрија забележала пораст од 6,4% на годишна основа, каде што прв пат можеби, после катастрофалната 2004 година, се бележи некаков пораст на индустриското производство, иако морам да напоменам дека што се однесува до оние два крупни показатели, две крупни стратешки позиции, а тоа е бесцаринскта зона Бунарџик, од неа нема ништо, како што немаше и претходните години, што значи дека тоа ќе биде еден голем прашалник во остварувањето на политиката на бруто домашниот прозвод да се зачува на тоа ниво. И покрај сите обиди што Владата се обидуваше да ги направи, очигледно дека овде нема да има ништо. Имено, последните што дојдоа да инвестираат си заминаа, а дали некој ќе влезе во

таа слободна бесцаринска зона останува да се види. Меѓутоа, како одат работите, очигледно тука нема да има ништо.

Што се однесува до рестартирањето на производителите, односно на одредени производни капацитети, јас не гледам дека има подобрување во таа насока. Дури и да има, односно тоа е некоја почетна фаза каде допрва се утврдува кој е сопственикот, на кој начин се рестартира во смисла на тоа да се дефинира сопственоста, што е многу далеку од она што би кажале дека имаме конкретно рестартирање, односно заживување на производството на таквите субјекти. Тука можеби ќе ја потрошиме целата 2005 година и некој позначаен показател нема да има.

Значи останува проекцијата на ЈДП да ја очекуваме од она што го имаме во моментот, а во моментот на сите ни е јасно дека имаме една слаба економија и дека стопанството во Република Македонија е во дебела агонија. Тоа се повторува од година во година и тука немаме никаков значаен напредок, едноставно го црпиме сето она што во овој момент ни стои на располагање. На моменти ќе се случи да речеме во челичната индустрија да имаме некаков благ пораст на индустриското производство. Јас не би сакал сега да се впуштам во расправа со министерот дали овој процент на индустриско производство вака прикажан се базира на претходните месеци од минатата година, како е пресметуван и земен, затоа што математиките што ги слушнав од министерот искрено кажано не ги разбирам. Јас малку поинаку гледам на таа работа. Значи ако минатата година имавме пад на индустриското производство и ако тргнеме од таа основица и од тој месец, значи од минус 40%, сега сме дошле до 6%, ако се извади минус 40% и минус 6, ќе останат минус 34%, што значи сеуште сме на некоја ниска гранка. Во секој случај, ајде да речеме дека и тоа е некое зголемување, јас така гледам. Не знам, министерот според објаснувањето што го даваше на господинот Ѓорчев, според мене искажа некоја виша математика, која не само што јас не ја разбирам, туку не ја разбира никој во Република Македонија, веројатно освен него. Но добро, можеби е така. Но ако погледнеме во реалниот свет, во реалниот живот и ако се спуштиме меѓу граѓаните и стопанствениците, ќе видите дека изгледа мојата математика е попрецизна отколку на министерот, затоа што очигледно кога ќе се сретнете со секој еден граѓанин во Република Македонија, секој еден стопанственик, сите тие ќе ви кажат едно исто, дека полоша година, па и полоша Влада, господине претседателе, не постоела во Република Македонија. Значи ваква агонија никогаш немало. Не би сакал да зборувам што се се вети, затоа што и на птиците на гранчињата им е јасно дека тоа што се вети е многу добро смислена лага, но дури и од она што имаа прилика да го живеат и остваруваат граѓаните во Република Македонија во едно време пред две, три, можеби и четири години, денес по се изгледа е мисловна именка, затоа што далеку отидовме, ама назад. Значи имаме една страотна апатија, трговијата за која во образложението се дава дека имаме значителен пораст во трговијата, не знам според кои индикатори Министерството за финансии или Владата тоа го зема. Она што јас го гледам и она што имам прилика да го слушам од трговците, тоа што секојдневно го слушам, а тоа е дека денес, почитуван претседателе, не е повеќе уметност да се купи од трговските дуќани, затоа што тоа беше некое време дамно минато. Денес е, вели, успех да влезе некој во продавницата, не мора да купи, ама барем да влезе, да не се почувствувате осамени како во самица. До тој степен трговијата во Република Македонија е падната, така што не ми е јасно кои се тие индикатори кои покажуваат дека во таа гранка има некој пораст.

Исто така позитивни ставки се евидентирани, според образложението на предлагачот и во земјоделието, така стои овде на страна 3. Тоа мене ми е многу нејасно и не само мене, според она што имав прилика да го слушам и од колегите пратеници, но и она што го знаеме, да се каже дека има пораст, позитивни ставки во однос на земјоделската гранка, навистина е нелогично да се каже. Сите вие почитувани колеги сте сведоци дека земјоделието никогаш не било на пониски гранки одколку што е сега. Не само што тука има пад, можеби е малку да се каже слободен пад на цените затоа што слободен пад, според законот за физика е таков каков што е, меѓутоа сега ние имаме забрзан пад. Слободниот пад е според законот за гравитација , онолку колку што е земјината гравитација, но сега имаме забрзан, на млазен погон, значи пад на цените на земјоделието, тоа е катастрофа, а имате прилика тоа да го гледате секој ден затоа што земјоделците навистина не знаат што да прават со земјоделските производи. Тоа е едната работа.

Да не заборавиме дека оваа година и пред неколку месеци и во текот на целата година се најавуваат царини и што уште не од страна на Косово, па еднаш таква политика ќе има, друг пат таква ќе нема што јасно кажува дека земјоделието тука ќе се сретне со проблеми, затоа што ние не можеме да негираме дека нашето земјоделие е поврзано со извоз, особено во делот на Косово и тоа сигурно дека ќе се одрази на земјоделското производство и воопшто на целата земјоделска гранка. Значи неможе да се каже, ниту пак да се планира дека некаков пораст ќе има во земјоделската индустрија, со оглед на овие показатели.

И уште една работа која сакам да ја потенцирам, а тоа е сите оние поплави што ни се случија во овој период, а кои видно направија штета на земјоделското производство, кое нешто, најверојатно Владата, барем ресорот за земјоделие го има тоа предвид, сигурно дека пресметало колкави се тие штети. И сето тоа ако

го сумираме јасно укажува дека во таа гранка немојте да барате, ама баш ништо оваа година затоа што никако не може да покаже некаков позитивен тренд, освен вртоглав пад.

Сега, ако повторно ги повторам овие забелешки во делот на макроекономската политика, значи од оние три столба: Бунарџик, потоа рестартирањето на производите итн. и ова што сега го зборувам, јасно укажува дека ние ќе имаме проблем како држава и да го оствариме оној планиран пораст на ЦДП од 3,8% колку што овде ни се кажува и според мене ќе биде тешко тоа да се оствари затоа што ако продолжи ваквата линија на развој јас не знам до каде ќе дојде. Не би сакал да дојде на некоја позиција како минатата година кога беше најавен и некој си пораст на ЦДП на 0%.

Понатаму во образложението се зборува за зголемување на страната на извозот. Според Владата во овој пресметковен период, значи четирите месеци од оваа година тој изнесува некаде 32%, но во исто време е зголемен и увозот за 17%, што јасно укажува дека дефицитот односно трговскиот дефицит и понатаму останува да биде висок и покрај , можеби една ваква мала отстапка во она што до скоро имавме прилика да го гледаме, тоа беше постојано зголемување на увозот за сметка на извозот односно трговскиот дефицит енормно растеше секоја година или секој пресметковен период. Ако е ова така, можеби дава некаква надеж, но ако се се собере да се види кои се тие индустриски гранки кои остваруваат извоз и дали воопшто има некаква перспектива, може да се заклучи дека можеби тоа е само една моментална состојба која не мора да значи дека ќе биде и до крајот на годината.

Сега тука доаѓаме до стапката на инфлација. Мислам дека онаа која сега е 0%, а се планира да биде на ниво од 1,2%,претходно беше планирано 1,5%. Мислам дека со една ваква стапка на инфлација од 0% , тоа се кажува, при немање било каква, барем некаков процент на пораст, значи на инфлација, не гледам каков стимуланс би имале за економскиот развој. Ако остане вака како што е, а за која предлагачот ја оправдува затоа што проектираната и планираната стапка на инфлација од 1,5%, се базираше на порастот на електричната енергија што не се случи во меѓувреме, за што незнам дали е добро или лошо . Меѓутоа со една ваква 0% инфлација , не знам што може да се очекува позитивно во економската политика на Република Македонија, затоа што сега пак се доведува во прашање, значи се очекуваше поскапување на електричната енергија, тоа не се реализира со одреден процент што беше најавен за да се постигне онаа стапка од 1,5% и сега ни остануваат уште 6месеци до крајот на годината, сите си го поставуваме прашањето, сигурно и јасно ни е дека електричната енергија ќе поскапи, но сите го поставуваме прашањето колкаво ќе биде тоа поскапување, затоа што јавноста имаше прилика и да слуша и да чита дека се барата со одредени проценти кои тргнуваат најмалку од 20%, па до 250% и нагоре.

Ако цената на електричната енергија порасне, да не речам над 20% и не знам колку, од она барем што се најавува, тогаш да не ни случи таа инфлација , наместо проектирана и планирана, да ни дојде до некои непланирани текови, а сето тоа да одрази на стандардот на граѓаните, што во секој случај ќе се одрази со едно вакво платежно ниво и една ваква платежна моќ.

Сега можеби најдискутабилно е прашањето, кога ќе читате во образложението во кое се вели дека благодарение на економската активност се почувствувале и соодветни влијанија во социјалниот дел односно во делот на вработувањето, па тука ни се кажува дека во првите 4 месеци од 2005 година, речиси 40 илјади граѓани добиле нова работа. Сега или сум јас во заблуда, или предлагачот е во заблуда. Навистина, да се каже 40 илјади нови вработувања во период од 4 месеци, тоа не да е успех, ако е така и ако продолжиме во тој стил, колку би било, претседателе, до крајот на годината, помогнете ми бидејќи вие сте математичар, јас тешко можам да израчунам. Сигурно дека ќе надминеме шестоцифрен број. И за три години, ако оваа Влада остане на власт, значи ние ќе немаме невработен човек. Блазеси ни. Меѓутоа, реално ако тргнете ќе видите дека никој тоа не го пофалил и воопшто тоа не се приметува кај граѓаните. Еве јас ќе земам пример од таму од каде што доаѓам. Јас не знам некој во Прилеп да се вработи откако е СДСМ на власт. Не знам. Сите ги бројам еве од сабајле се трудам и напрегам да избројам во колку фирми некој се вработил во Прилеп и гледајќи ги сите вака што ми дојдоа на ум, дојдов до констатација дека таму се е испуштено од работа, а далеку да е некој вработен. И се прашувам, дали Прилеп е обесправен како град, затоа што во 40.000 нови вработувања да не се најде место ни за еден прилепчанец. Тоа е катастрофа. Еве Чедо Краљевски ме потсетува дека и во Куманово е таква ситуацијата, веројатно и Флоровски ќе ви каже дека и во Скопје е таква ситуацијата. Сега повторно се поставува прашањето од каде никнаа овие 40.000 нововработени. Значи, мора да расчистиме со кој индикатор располага Владата кога ни дава вакви податоци. Ако индикаторот е Стевчо Јакимовски како министер за труд и социјална политика , еднаш отфрлете го тој индикатор затоа што Стевчо си е Стевчо, тој знае да влева со оптимизам многу, меѓутоа реално е сосема нешто друго.

Ако пак ова се базира на оние закони кои преку Министерството за труд и социјална политика имавме прилика да ги гласаме овде и да ги донесеме, а каде што согласно со тие закони кои имаат една рестриктивна политика се направи едно огромно бришење од евиденција на вработените, тогаш навистина можеби по таа линија сме вработиле. Јас и кога се носеа тие

закони укажав дека токму тоа е политиката на оваа Влада, наместо ефективно вработување да имаме ефективно бришење од евиденцијата, за на крајот од мандатот да излеземе со податок, како Влада или како партија, поточно тие да излезат и да кажат, во Република Македонија одкако се тие на власт вработиле 200.000 граѓани, ама со бришење од евиденција, од списоците од Заводот за вработување. Во тие 200.000 најверојатно ќе се препознае и по секој член од семејството што господинот Бранко Црвенсковски го вети. Мислам дека и тоа ќе се реализира, ама пак ќе кажам, со бришење. Така што реалната состојба не е таква. Реалната состојба е далеку од оваа.

И сега што да се каже како завршен збор, за нас правниците. Значи се си останува како и минатата година, се е исто, а ништо не се менува, освен што си имаме секоја година и буџет, и ребаланс . Значи се си останува исто како минатата година, почитуван претседателе, како секоја година наназад. Гледајќи го и буџетот и ребалансот, некоја перспектива овој народ во догледно време нема да има. Ако пак треба да се помири со судбината, тогаш нема што да се помирува затоа што надеж постои секогаш, ама не со СДСМ, затоа што СДСМ не влева надеж.

Не би сакал да го повикам почитуваниот министер да си поднесе оставка затоа што тоа ќе го свати лично. Меѓутоа, би сакал да ја повикам цела Влада да си поднесе оставка, затоа што од вакви буџети од вакви ребаланси и од ваква економска политика, ако е тоа нивниот максимум тешко на овој народ. Надешта сигурно постои во Република Македонија, не би сакал да ја кажам која е, тоа народот ќе го каже на избори. Можеби е среќна околност што владеачката гарнитура најавува предвремени избори, јас би сакал тоа да се случи, значи тоа би било среќна околност, иако не верувам дека ќе има таква храбрсот.Но, во секој случај среќно е што 2006 година наближува. Овој народ треба да се стрпи, а верувам дека ќе се стрпи. Кога толку чекал, ќе почека уште малку. Но, ако ја направи истата грешка и повторно и даде доверба на оваа гарнитура на власт, тогаш ние ќе си имаме повторно вакви буџети, повторно вакви ребаланси и можеби таа песна што на некому му призвучи носталгично, можеби се почесто и ќе се пее. Ако е личноста во ликот и делотот на некој друг, има надеж.

Од сите овие работи, почитуван претседателе јас не можам да го подржам ребалансот, не од тоа што математички не е проектиран како што е проектиран, туку од она што сметам дека со вакви ребаланси, со вакви буџети, Македонија нема некоја голема перспектива, освен одржување на сиромаштија. Од тие причини јас нема да го подржам овој ребаланс.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Произлегува дека не сум јас единствен што сонува. И вие сонувате изгледа.

Господине Георгиев имате реплика. Повелете имате три минути.

**Драган Георгиев:** Благодарам претседателе.

Морам да реплицирам на дел од излагањето на господинот Караџоски во делот каде што повеќе пати повтори дека постојано имаме пад во земјоделието, во откупот на земјоделското производство итн. Очигледно повеќе години господинот Караџоски немал контакти со земјоделците. Во тоа сум убеден затоа што сум и сигурен дека не ги следи постојано цените на земјоделските производи, како тече откупот и колку земјоделците се задоволни или не,

На пример во поседната година со исклучок на омпирот, почнувајќи од раноградинарските култури, сега бостанот, во изминатите години сите земјоделски култури, во голем дел земјоделците се задоволни, затоа и ги нема штрајковите што ги имаше пред парламентарните избори во 2002 година кога во струмичкиот регион беше казнета ВМРО-ДПМНЕ, каде носител на листата од нивна страна беше министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Понатаму, во однос на поплавите, тие и во предизборната кампања за локалните избори 2005 година многу време потрошија на тоа дека речните корита не се чистени со години, дека не се регулирани одводните и доводните канали. Меѓутоа, може да се каже дека во последните 20 години тоа не е правено, а сега токму со овој ребаланс, во ставката во делот на водостопанство предвидени се 55 милиони денари кои исклучиво се предвидени дел од нив да одат за потрошени финансиски средства за санирање на последиците од поплавите, а околу 40 милиони денари за регулирање на речните корита во струмичкиот регион, што беше зафатен од поплавите и чии главни причини беа нерегулираните речни корита. Тоа значи дека токму оваа Влада во овие региони, во струмичкиот регион, ако ги земеме и резултатите од 2002 година, 2004 и 2005 година, ќе видиме дека имаме расположение кај земјоделците и земјоделците гласаа за оваа коалициона Влада. Значи аргументите на господинот Караџоски не држат. Јас имам постојани контакти со земјоделците, секоја недела сум со минимум со 10 до 15 земјоделци, ги следиме цените и оваа година има задоволство кај нив.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Се јавив повторно за збор и ќе бидам многу краток.

Да се јавам за збор ме потикна вчерашниот ден со тоа што овде на некој начин имавме една дискусија со министерот за финансии што сметам дека сепак е делотворна затоа што дојдовме до една констатација , без и јас и тој да навлегуваме во анализа на генезата на таа состојба со Фондот за здравство. Се согласивме околу пресекот на состојбата на Фондот во овој момент, со што

министерот предложи на некој начин, како идеја дека Фондот за здравство практично да почне да функционира по принципот како што функционира буџетот и на тој начин да излезе од криза.

Истовремено, вчера друг член на Владата во една емисија на телевизија во јавен настап, кажа дека во склоп на Фондот ќе влегуваат уште 1 милијарда денари кои недостасуваат за ефикасно здравство, што е факт дека недостасуваат. Меѓутоа, тој потврди дека ние не знаеме сега, ниту во буџетот, ниту министерот за финансии дали има сознание за таа милијарда, тоа се 16 или 17 милиони евра годишно кои додатно би влегле во Фондот, на кој начин тоа ќе се изведе, дали ќе бидат тоа средства од Буџетот, а за Буџетот најповикан е сепак министерот.

Дали е Владата како целина, која би предложила некој нов закон за наметнување на нови давачки, со кои би се добиле овие милијарда денари годишно. И, како последно што ми се јавува сомнение дека еве за вакви крупни работи, прашање е дали Владата има концепт или народски кажано имали пилот во авионот. Во ист ден имаме сосема две различни спротивни изјави, една е рестриктивна строго финансиска, која ја ценам, без разлика што не се согласувам со концептот кој упорно го брани министерот за финансии и друга која што е популистичка дека таа работа ќе се среди на овој начин. Прашањето и дилемата е што од се ова е точно. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Флоровски вашите пет миниути. Толку ветивте.

**Александар Флоровски:** Ова ме потсетува како на аудиција кај Драган Вучиќ во емисијата Вашите пет минути.

Претседателе, ќе се обидам да бидам што пократок да говорам со народен јазик, затоа што бројкиве и буквиве и постручен од мене и поизверзиран прашање е дали ќе се снајде и нормално да се одговори на некои дилеми од страна на министерот, да ни се разјаснат некои работи, се со една цел да ја потврди веродостојноста на она што овде го пишува и што е презентирано во практика, разговарајќи и срекавајќи се со разни типови на луѓе, почнувајќи од земјоелци кои ги има и во градските средини. Иако, господинот од СДСМ, името не му го спомнувам, дека земјоделците се задоволни, јас ќе ви кажам една друга работа дека земјоделците воопшто не се задоволни затоа што пред мојата зграда секојдневно два до три камиони со струмички регистрации со ден и ноќ спијат тука и продаваат и лубеници, дињи, претходно и раноградинарски производи.

Сигурно, не дошле туку така да спијат во оваа жештина, туку ги натерало маката. Значи, задоволството на земјоделците, прашање е дали е така, освен она што значат параметри, бројки, букви пласирани овде во ребалансот на Буџетот. Па, во таа смисла се прашувам ние во 1991 година кога го носевме Уставот зацртавме и некои стратешки земјоделски производи кои денес никаде не можеме да ги видиме, почнувајќи од пченицата, од шеќерната репка, од сончогледот, од тутунот, никој од дискутантите, па и самиот министер, не спомна дали постои во државава таква работа. Дали постои стратешки земјоделски производ кој треба ние да го заштитиме. Најверојатно, таква работа не постои, па затоа кога ќе прошетате низ Скопје и кога ќе видите еден куп камиони со велешка и струмичка регистрација луѓето како црнчат со денови и продаваат, претпоставувам дека ситуацијата не е баш таква како што некој сака да ја презентира. Да не говорам каква несреќа ги снајде со поплавите, дали тоа им е исплатено, дали не е исплатено. Две поплави ги фати, па ги фати градот исто така, што е тоа вратено како пари. Значи, се на се се сведува дека една од основните гранки која е многу битна за опстанокот на оваа држава, затоа што Македонија дефинитивно е далеку од индустриска држава, дека главниот стожер е земјоделството, можам само едно да констатирам дека оваа гранка ни е во хаос. Господинот Ѓорчев вчера многу пластично ги прикажа сите овие работи како бивш министер по земјоделство, сигурно е поголем познавач и од мене и од многу од овде, кои се повикуваа дека комуницираат со земјоделци секојдневно, пластично искажа некои работи, кои според мене апсолутно држат. А, тоа е дека земјоделството е во хаос. Можат да се земат стенограмите, да се видат и да се прочитаат, а немам причина да не му верувам, затоа што е бивш министер и познавач на оваа материја. Значи, човекот е добро изверзиран и сметам дека работите кои ги прикажа, кои ги презентираше овде се апсолутно точни и држат вода.

Во самото експозе министерот поттцрта некои работи кои се интересни за анализа, а и во самиот ребаланс вели вака:"Како резултат на позитивните перформанси на 14 од вкупно 24 индустриски гранки, македонската индустрија забележа пораст", тоа го имате на страна 3 "од 6,4% на годишна основа и тоа во челичната, градежната текстилната и хемиската индустирја". Тоа стои во ребалансот, а истото е потврдено и во самото екпозе. Што можам да кажам во врска со оваа работа. Ние во последниве три години од владеењето на СДСМ сме во еден да не кажам економски хаос. Со сите други држави, освен со протекторатот Косово сме во негатива. Значи, имаме поголем увоз од извоз, но и Косово сега ни воведе царини и прашање е и таму каков ќе биде соодносот. Така што, ќе немаме голем маневарски простор околу овие работи. Сите овие бројки кои се овде наброени, мислам дека ќе паднат во вода, да не кажам се исфингирани и тешко дека некој ќе ме убеди работите да се такви какви што се овде прикажани.

Основни параметри за раст на индустриското производство од 6,4% на годишно ниво. Господа претставници од Министерството за финансии, се

набројува челичната индустрија, па исто така интересно се случува дека еден од газдите во Железара Митал има намера да отпушти 750 души, ако веќе и не ги отпуштил. Се поставува прашањето од каде тогаш раст во челичната индустрија. Најверојатно, слично ќе се случи наскоро и со фирмата на потпретседателот на оваа Влада господинот Минчо Јорданов. Така што, околу ова прашање, спомнав дека митал има наскоро намера да отпушти околу 750 души, а тоа се 750 или 760 фамилии кои ќе останат на улица, ако веќе и тоа не го направил. Се поставува прашањето од каде тогаш раст на челичната индустрија која ја дадовте како параметар, еден од параметрите за раст за производството во Република Македонија.

Околу инфлацијата од 0% која кажавте дека се движи во првото петтомесечие, како што е спомнато овде, јас сакам да го потенцирам следното. Еден бивш министер, бивш пратеник, сегашен професор и академик господинот Таки Фити, а и повеќе стручњаци од економската област нотираа и потенцираа дека е добро денарот да девалвира како стимул за фирмите извознички. Истиот тој Таки Фити, господине министре беше и ваш професор и нема причина да не му верувам. Исто така, сакам да ми се одговори на прашањето зошто се држи нивото на инфлација од 0% сега за сега, па на крајот на годината треба да биде 1,2%, ова стои исто така на страница 3, зошто стручњаците, стручната јавност по ова прашање бара девалвација на денарот од 10% за да фирмите извознички имаат стимул да извезуваат надвор од вашата држава, што значи нов прилив на девизи и заживување на македонското стопанство.

Во експозето говорете за вработувања, ќе ви ги прочитам и бројките. Во моментот имаме 371, 746 невработени, што е за 22 илјади и 514 вработени помалку од крајот на минатата година или од почетокот на оваа година, месец јануари.

Господине министре, не можам да се оттргнам од впечатокот дека оваа работа не само што е фингирана, туку се работи на следниот начин. Како личен пример, две години бев без работа. Според правилата се пријавував секој месец во Заводот за вработување, па ми стигна писмо дека треба да се пријавувам секои 4 месеци, па ми стигна уште едно писмо да се пријавувам повторно секој месец. Можеби задоцнив ден-два не се пријавив, поради тие сини картони и тоа е причината на самото пријавување, а не дека некој ќе ме вработи, прво, од партиски причини. На крај, ми стигна писмо дека господине Флоровски имате право да се пријавите, затоа Што не сте се пријавиле навреме во февруари 2007 година. Не умри магаре на зелена трева. Тоа ли е вработувањето во државата. Истото се случи со еден бивш пратеник, ваша бивша колешка и моја бивша колешка и ќе ви набројам уште стотици луѓе на кои на ваков начин се бришани од евиденцијата. Значи, ме потсетувате на магионичар штом успеавте за овие пет месеци да вработите 22 илјади луѓе. Тоа е една голема бројка и ако е вистина тоа е за респект. Но, моето мислење е дека грото од овие вработувања е бришење од евиденција во Заводот за вработување. А, како личен пример ви го дадов мојот пример, за да нема сомнеж дека измислувам и дека ве лажам, а тоа може многу лесно да се провери. Ако е така како што кажувате, ако со овој тренд ќе оди вработувањето, па ајде да ви дадеме шанса уште еден мандат, барем оние 370 илјади што останаа да ги вработите, но притоа треба да се има предвид дека секоја ново стасана генерација е без работа. Ако мислите на вработување со бришење на евиденција, тоа може да држи, да се напише на хартија и да се презентира, но мојот личен пример е примерот на многу мои пријатели кои по некоја случајност останале без работа и им се случи она што и мене ми се случи.

Во овој контекст можеби има вработувања, а тука морам да нотирам дека тоа се чисти партиски вработувања, дека она што го наследивте во 2001 година и она што ВМРО-ДПМНЕ на времето го вработуваше, на сите или скоро на сите им дадовте шут карта во еден правец, вработивте ваши кадри. Ако мислите на такви вработувања и ако успеавте да вработите 22 илјади припадници на СД,тоа е добра работа за вашата партија, ќе имате ревносни гласачи и во нивните фамилии, во нивните роднини, во нивните пријатели. Ние тоа не го правевме. Менувавме директори, но оној обичен електричар или копач на канали не сме го чепкале. Одевте до таму и чуварите и најобичните работници без квалификација да ги истерате од работа, што е лошо за државата. За што, тие се составен дел на оваа македонска држава и претставуваат тешко бреме, не само за вас и за некоја идна влада која ќе дојде, а сигурно дека ќе дојде. Затоа што, готови сте со ваквата политика. И немојте да сметате дека во 2006 година нешто ќе направите.Да не говорам за даночната пирамида, многу е актуелна и можеби е вон контекст на сето ова. Почнувавте да ги бркате ситните риби, крупните риби се позади не можеме да ги видиме кои се, што се, па сето тоа се оддолговлекува, се прават 300 акробации да не се стигне до вистината, нешто веќе видено во 1997 година од октоподот, па сега даночна пирамида, па господ знае што ќе излезе во иднина. Страшни работи за македонската држава и за македонската економија, затоа што беше спомната една цифра токму од вас дека затаени се некаде околу 100 милиони евра, која и не е баш пара за фрлање. Тоа се 200 милиони германски марки кои ќе пополнат, ќе закрпат некоја дупка во многуте дупки во македонскиот сегмент и во македонското живеење.

Претседателе, дајте да си дадеме одушка на душата да си кажеме и народот да не слушне. Ќе гледам да бидам пократок и мислам дека оваа работа ќе помине, ќе се изгласа, ќе остане она што е запишано како наши забелешки, како наши

видувања, да не разбере обичниот македонски човек, да не говориме само со бројки и букви, не сме на квиз. Да говориме малку со јазикот на народот, за да види овој народ дека некој размислува како нив. Не сме сите стручни, но се трудиме она што останало како непознаница да го поставиме и како прашање и како забелешка и како поинакво размислување од она што ни се презентира овде.

Министре, дали сте размислувале некогаш да предложите на влада да се формира некое министерство за капитални инвестиции, како што има Србија, како што има Хрватска, предпоставувам дека и многу од земјите во транзиција тоа го имаат. Тоа го предлагам, за да се растоварите вие како Министерство за финансии и да се направи еден нов тим од вашето Минисерство кое исклучиво ќе се бави со оваа проблематика. Затоа што, во Македонија не се слеваат пари, нема пари. За жал и ова може да се констатира дека Македонија е последната земја на Балканот т.е. земја во која најмалку се инвестира странски капитал. Последни сме. И една Албанија на која и се смеевме е пред нас со инвестиции и ќе биде пред нас, затоа што се нема слух, затоа што се нема филинг и чувство како тоа да се направи. Не навлегувајќи во вашата стручност на вашата екипа, но една работа морам да потенцирам дека од 15 септември наваму кого да прашате, најобичниот пиљар, најобичниот земјоделец дека имаше во тоа време се живуркаше, денеска не се живурка. Денес и македонскиот народ, за жал, буричка по контејнери. Не се само ромите кои буричкаат во контејнерите, туку имте многу македонци кои буричкаат, барајќи стара хартија и не знам што друго, да продадат, за да преживеат. Значи, сето ова што го пласирате во самиот ребаланс и во самото експозе не е во стварноста онака како што сакате да се прикаже. Прошетајте, излезете, разговарајте со обичните луѓе. некој ќе каже дека звучи патетично. Застанете на тераса, ако се уште живеете во зградата во која живеевте, погледнете ги контејнерите навечер и ќе видите кој таму буричка. За жал, состојбата е таква.

Позитивна работа која можам да ја поздравам дека задолжувањето од 1.800.000.000 денари, ако не се лажам толку беше, е преполовена. Но, што тоа значи за обичниот човек. Мислите ли дека многу ќе не интересира дали вие го преполовивте задолжувањето или не? Обичниот македонец, обичниот народ бара леб, а после игри, за да може да преживее.

Поминете низ која сакате самопослуга или пиљара, ќе видите список на луѓе на илјадници кои се запишуваат за да земат основни продукти да преживеат. Тоа е факт. Ова е во контекст на таа економска политика која се води во државата. Тоа се факти, голи факти кои не може никој да ги негира. За жал, секојдневно тонеме се подлабоко и подлабоко, дај боже да излеземе од оваа криза за да види овој измачен македонски народ бел ден. Но, се сомневам во таа работа затоа што едноставно не е така. Нема перспектива. Се поставува прашањето зошто она што значи млад и стручен кадар и она што значи млад и нестручен кадар, бега од државата. Затоа што е идилична економско-политичката состојба во државата? Разговарјте со било кој млад човек, единствена шанса во животот гледаат да избегаат од Македонија. Велат да се раатисаме и да се куртулиме од оваа држава која нема перспектива. Со сто денари во џеб излегуваат да се напијат едно кафе и тоа им е дневниот трошок, немаат ни за кутија цигари. Ретко ќе најдете млад човек кој не сака да избега од државата, а да не зборуваме за стручните кадри кои секојдневно бегаат. Која ќе биде перспективата на оваа македонска држава без тие стручни кадри? Кичмата на секоја држава се стручните кадри, луѓето од струка кои знаат и умеат да направат нешто, а не им се дава шанса затоа што некој не создал услови да добијат шанса.

Говоревте дека индустрискиот пораст се должи на градежната индустрија. Добро да е така министре, но кажете ми каде имате една капитална градежна инвестиција од типот на Плаошник, од типот на Дојранско Езеро, од типот на Широк Сокак, од типот на Калето во Охрид. Еве ќе земам конкретно пример таму каде живеев во општина Чаир, зградите се изградени со 640 нови станови. Кажете ми каде во Македонија се гради нешто крупно, капитално, освен скопската заобиколница која, за жал, исто така не ја добија македонски фирми, ќе ја добијат како подизведувачи и ќе добијат некоја трошка од она што ќе им го дадат. Значи, тука не успевате како Влада да се договорите, да се гради на наша територија, а да доаѓаат други фирми. Дали не сме конкурентни или не сме квалитетни, во што е работата? Или се носи политичка одлука од некој друг?

Кажете ми која градежна индустрија ја имала Македонија? Колку што знам единствена поголема беше ИГМ лоцирана во Топаанско Поле, но таа е мртва, не работи. Ако не се базирате врз производството на Цементара, можеби тука се должи тоа зголемување или учинокот на градежната индустрија.

Да ви кажам уште една работа дека дури градежното железо кое се употребува при градба го увезувате од Бугарија затоа што е поефтино или дали постои таква фирма која го произведува? Или се должи на црпење на песок од Вардар за правење цемент.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, мислам дека си ја олеснивте душата доволно, почнете со она што е точка на дневен ред.

**Александар Флоровски:** Сето ова е во контекст на ребалансот и во контекст на експозето на министерот. Јас не сум избегал ни за милиметар, да не кажам ниту за нано секунда, вие знаете што е нано секунда, од она што значи текст и експозе на министерот.

Ако капитална инвестиција ја третирате Рамстор, поминете, ќе ги видите продавачите внатре кои ништо не продаваат, но ништо и не работат. Никој не купува, а кириите се енормни.

Или капитална инвестиција ќе биде она што ќе се гради спроти Народната банка за кое пропадна првиот тендер, наводно фингирано, дали Веро, дали Меркатор ќе го земе, не знам, но ако сметате дека тоа се капиталните инвестиции градење на трговски објекти, на супермаркети, па дали ќе се прашате дали некој има пари да влезе во тој супермаркет и да купи нешто. На оваа држава и требаат фабрики да се вработат луѓето. Преку глава им е од трговски центри само во Скопје ги имате мал милион. Сега имате еден Рамстор, па ќе имате еден Меркатор, па Веро или ќе се јави Туш, а за да човек купи нешто мора да има пари, освен ако нема намера да влезе и да украде нешто за да опстане, а не од што е клептоман, туку од што нема што да јаде.

Значи, народот нема пари, народот живее во една катастрофална ситуација и, за жал, не се гледа излез иако се нудеше на 15 септември, пред 15 септември мед и млеко, од тутунот кој ќе чини 7 до 8 ДМ или 3,5 до 4 евра, па сега некаде просекот е 120 до 130 денари по килограм, тоа го говореше вашиот коалиционен партнер господинот Петар Гошев кој денеска е на нова функција. Исто така го стега ременот максимално. Само една работа не ми е јасна. Зошто парите не ги пуштите во оптек, меѓу народот, меѓу фирмите, за да може овој народ да опстои.

(Во 12,10 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

Да не говорам господине министре дека во вашата Влада исто така седи уште еден стручњак македонец, па еден стручњак австриец, па слушаме во последно време дисонантни тонови вие говорите едно, Минчо Јорданов говори друго, Тео Вајгел говори нешто трето, притоа не знаеме тој Тео Вајгел колку го плаќате и колку фајде имаме од него и кој е неговиот учинок за економската состојба во државата. Усогласете се меѓу вас и излезете со чисти и јасни ставови.

Вчера во вашето излагање, не по експозето, туку по некоја реплика рековте дека ги држите конците во сопствените раце. Но, на што? Парите ги чувате под перница? Тоа не се ваши пари, тоа се пари на македонските даночници кои треба повторно да ги пуштите во оптек.

Уште една интересна работа дека генератор на индустрискиот раст и производството на електрична енергија притоа заборавате дека сте во минусно салдо 40% со производство на електрична енергија и дека пред 10-15 дена баравме увоз на електрична енергија од Србија и Бугарија, па настана куршлус Бугарија должела на Србија , па не сакале нам да ни испорачаат. Или мислите на овој хидропотенцијал кој ќе произведе доволно струја, но последиците допрва ќе ги видиме, кога ќе нема вода. На што ќе се должи растот на индустриското производство, а една од гранките ги спомнавте производството на електрична енергија. Претпоставувам дека моите колеги кои се постручни во оваа област говореа, а можеби и ќе говорат, но работите се вакви какви ги кажувам, а не онакви какви што ги пишувате, барем јас така мислам, а голем дел од народот размислува како мене. Затоа реков дека до година овде ќе седи некоја друга влада, некој друг парламентарен состав и се надевам дека работите ќе тргнат кон добро.

Значи, на народот ништо не му значат бројките и буквите, ви кажав, народот бара леб, а после лебот ќе бара игри, тоа е нормално и кон тоа треба да се стремиме. Но, од стремежот ветен во 2002 година апсолутно нема ништо, а на што се должи ќе говориме во некоја друга прилика, здравје боже, ако имаме шанса.

Здравството е најболната точка во оваа држава. Денеска господине министре за да купите најобичен лек во било која аптека исто како да добиете седмица на лото. Нема лекови. Аптеките се празни. Вие добро нотиравте овде дека ќе мора тоа здравство да се реформира, но тоа здравство бара и пари. Вчера го слушав министерот за здравство Димов, не обрнав баш големо внимание, но се приклучувам кон она што господинот Оровчанец го кажа, највероватно го слушал цело време, јас немав интерес да го слушам цело време него. Значи, немате лекови во аптеките, а не дај боже да треба некој да се оперира. Скоро по медиумиве читам дека ќе се чекаат редици за операции. Тоа го нема во Африка, го нема во Зимбабве, во Сомалија или која држава да ја спомнам од централна Африка која се одликува со најголема сиромаштија, да го спомнам и Судан, Габон, да се чекаат редови за операции, господе боже златен, па ова во Европа никаде го нема. Никаде го нема освен во Македонија. Ако се работи за итни случаеви чека ред, но во меѓувреме умрел човекот, морал да чека. Да не почнете и бројчиња да давате за операции? Ми говорите за некоја идилична ситуација, се качило индустриското производство, се направиле многу работи, а немате лекови по аптеките, луѓето умираат. Еден куп пензионери чекаат штом стигнат лекови, исто како на времето, во времето на Милка Планинц кога чекавме редици за леб и млеко, сега чекаат редици за најобични апчиња, за најобични лекови, а да не говориме за позитивните листи. Душата му ја извадовте на овој народ. Се се плаќа, а плаќаат пензиски фонд, придонеси. Да не е состојбата трагична, би била смешна господине министре. Вие сте убедени дека ова што го говорам е така. Параметрите се можеби други, но вистината е таа, ова се случува во животот на обичниот македонец. Ова што до сега го говорев, завршивме со операциите, не дај боже да се случи вакво нешто, тоа ќе биде хаос. Веќе хаосот е се поголем и поголем и поголем замав зема во државата, во сите сфери на живеењето.

Овде исто така имате нотирано дека Владата е цврсто определена со ММФ и Светска банка да склучува аранжмани. Да ви кажам право кога ќе ми ги спомнат овие две институции ми се повраќа. Собрани еден куп на слободни ѕидари кои манипулираат и со светот и со нас, само не ми е јасно како не ве болат рамената од чукање по рамо колку сме добри и успешни. Цело време не мавтосуваат и не маткаат и предвидуваат блескава иднина на Република Македонија и дека за кратко време ќе станеме Швајцарија на балканите, што би рекол Ванчо Михајлов. Нема шанси барем следните стотина години, значи немаме шанси ние како обични смртници да ја видиме Македонија како Швајцарија на балканите.

Ќе почнеле да доаѓаат инвестиции со тоа што кога ќе влеземе во Европската унија и НАТО, државата ќе биде стабилна политички, луѓето ќе инвестираат. Па, господине министре, дали има некој овде да каже која е перспективата на Македонија да влезе во Европската унија, за колку време, за месец, два, пет, година, десет години, петнаесет години. Дали имаме шанси да намирисаме нешто од таа Европска унија и како држава да се омрсиме, да земеме некој денар, да живее овој народ подобро? За НАТО нема да коментирам затоа што веќе сме пред вратите на НАТО и 2006 година влегуваме во НАТО.

Уште еднаш ќе кажам дека на народот господине Поповски не му требаат бројки и букви, на народот му треба, по трет пат ви кажувам, леб. Леб и опстој за сопствената фамилија. Вие водите политика на стегнат ремен, нешто што ме потсеќа на Чаушеску од 80-тите години, за да го врати надворешниот долг, го исцица романскиот народ од рестрикции на струја, на нафта,на вода, на крај го укина лебот, па му се случи револуција потпомогната од надвор. Таа беше политичка одлука, не сакам да коментирам, но таква политика не можете да водите во едно плурално општество, во една отворена држава за каква се прокламира Македонија. Знаете како заврши Чаушеску, многу неславно.

Ќе завршам за две три минути, кажав дека сме последни по странски инвестиции на Балканот, а верувам и во Европа. Договорите кои се склучуваат, за жал, се прават во четири очи за што реагираа и членки на Европската унија, за што ви покажаа жолто прашање, сега ќе ви покажат и црвен картон за ваквиот однос, за кое реагираше и Антикорупциската комисија која вие ја правевте. За секој странски инвестирот се диктираат посебни услови зависи спрема потребата и договорот направен во четири очи и целата оваа папазјанија можеме да ја наречеме шопска, македонска салата, бидејќи е летно време, истите јадеме нешто полесно, нема да кажувам дека е босански лонец, затоа што содржи месо.

Господине министре дебело ќе размислам дали да го прифатам овој ребаланс, а прашањата кои ви ги поставив не се само мои лични прашања, тоа се прашања на обичниот македонски граѓанин и сметам дека ќе дадете обични одговори за да ве разбере обичниот македонски граѓанин, не преку бројки и цифри, туку би сакал да ме демантирате во она што говорам, а вие како економист претпоставувам дека повторно ќе се вратите на бројките и цифрите кои на овој народ апсолутно ништо не му значат.

По петти пат ќе ви кажам на овој народ му треба леб, за тоа треба да создадете услови, а услови не се создадени за три години, а се надевате во оваа последна година нешто да направите.

Затоа не ви предвидувам розова иднина, ви предвидувам една друга работа, 2006 година вашата Влада, вашата коалиција нема да победи, затоа што го слушам гласот на обичниот македонски граѓанин кој не само што не може да ве поднесе, туку не може да ги слуша вашите лаги кои ги пласирате секојдневно и по јавните медиуми, говорам за Владата, не говорам конкретно за вас. Преку глава им е дојдено од ветување ова ќе нарпавиме, тоа ќе направиме, а притоа ништо не се прави, освен вработувањето по партиска линија кое можеби држи вода, но во даден процент. Поголемиот процент е фингиран со бришење на евиденцијата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Господинот Флоровски бараше еден одговор од мене зошто нема инфлација и девалвација. Ќе му го дадам одговорот. Бидејќи агрегатната побарувачка во Македонија е во ексфилибриум со агрегатната понуда, при што дефицитот на тековната сметка на државата не е доволно висок за да е потребно да се променат односите во насока на динамичко изедначување на денарот и еврото на многу повисоко номинално ниво и да се зголемат номиналните нивоа на трошоците на живот во економијата, господине Флоровски. А со оглед дека ни препорачувате дека на идните избори ќе дојде вашата партија на власт, топло ви препорачувам да се обидете да направите инфлација и девалвација и да го усреќите народот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика има господинот Флоровски Александар.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Господине Поповски вие не знаете прво на која партија јас припаѓам. Така да нема да цените која партија ќе дојде на власт. Сеуште не знаете, енигма е. Јас реков и покажав на мојата лева страна, а тука бајги редови има. Јас не барав инфлација и девалвација. Тоа го говореше вашиот бивш професор, сега академик господинот Таки Фити и екипата собрана околу него. И зошто да се сомневам во зборовите на господинот Таки Фити, кој е стручњак по економија. Тој јасно говореше и од оваа говорница во минатиот состав и кога се

прават тркалезни маси дека на Македонија и е потребна девалвација на денарот. Тој тоа го говореше, не го говорев јас. Јас не сум стручњак по економија. Кко стимул на извосните претпријатија. Тоа се зборови на еден ваш бивш професор денеска академик. Јас тоа не го барам од вас, ниту имам право да го барам.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски помина времето.

Три минути реплика има господинот Драган Ѓоргиев.

**Драган Ѓоргиев:** Господине Флоровски вие едноставно ги помешавте работите со дискусијата на господинот Марјан Ѓорчев. Неговите заложби беа да се одвојат повеќе средства, зборувам за областа земјоделие за развој и поттикнување на земјоделието. А во нашата реплика, мојата реплика со господинот Караџоски, на која што вие во дискусијата се осврнавте се зборуваше за цените на земјоделските производи. За тоа како приватните лица кои што вршат откуп и земјоделските производители меѓусебно се задоволни од оваа година, од минатата година и тн.

Вашите главни аргументи ги алудиравте врз тоа како во Скопје, колку камиони од Велес или од Струмица имате видено дека тие не се задоволни и овде доаѓаат да продаваат бостан и сл. Само ќе ви посочам еден пример и ако сакате на тоа да одговорите. Во 2003 година, во 2004 година и во 2005 година, бостанот во струмичко, на пример во Колешино во екот на сезоната се откупуваат милиони килограми. Значи 1000 тони дневно се откупува бостан во екот на сезоната. Тие милион килограми во овие изминати три години се откупуваат со просечна цена од 5 денари. А само како пример 2002 година кога вие бевте на власт цената на тие милион килограми дневно беше еден денар. Значи 500% помалку. На тоа задржете се, на цените, на бројките, а не на камионите кои што ги гледате од Велес или од Струмица, затоа што тие земјоделски производители имаат права, ако доле е 5 денари, да дојде овде и да постигне цена од 7 денари или 8, 2 денари повеќе, затоа што тоа е пазарот. А не ваши главни аргументи да бидат видов камиони и тие не се задоволн. Кажете вие колку контакти имавте во последните 10 години со земјоделците. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика господинот Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Господине Драган Ѓоргиев јас не сум овде во функција, па вие да ми поставувате пратенички прашања мене. Не сакам да ви одговорам, јас ќе кажам она што го гледам. Не се работи за еден камион. Јас разговарам со тие луѓе, купувам од тие луѓе. Буквално не сакаат да слушнат за вас.

Второ, зошто е укинат фондот за земјоделие. Заборавив како прашање да го поставам. Еве вие сте покомпетентен, јас сум градско дете, вие сте од таква средина дојдени, кажете ми, сега јас ќе ви поставам прашање, зошто е укинат фондот за земјоделие?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски. Молам, без дофрлување.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе, значи Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година со се сите буџети што се дадени во насловот. Имаме и експозе, иако вчера не присуствував на седницата, меѓутоа успеав да го разгледам експозето на министерот за финансии, господинот Никола Поповски, кое можеби требало да биде и составен дел, затоа што министерот експлицитно кажал во кои насоки се предлагаат измените и дополнувањата на Буџетот. Знаејќи го принципиелниот став на министерот и неговата концизност и прецизност, многу подобро е експозето да го читате, отколку да го читате Предлогот за изменување на Буџетот. И сега, има неколку сегменти почитуван министре, на кои би сакала јас да се осврнам. Значи на почетокот на дискусијата сакам да кажам дека не сум економист, туку сум правник меѓутоа, имам искуство со усвојување на буџет, ребаланс на бует, пак буџет, пак ребаланс на буџет, па нешто и ми влезе во главата од овие економски параметри ЦДП и тн. меѓутоа, ми оставија неколку работи впечаток.

Она што го велите дека главен акцент, или она што ќе има големо влијание во еконоската сфера е рализација на двата долгорочни аранжмани со ММФ и Светската банка. Вториот е стекнување на статус на кандидат и почеток на преговори со Европската унија за членство во 2005, 2006 година. Третата работа е реализација на првата фаза од процесот на дец ентрализација на власта и четвртата е завршните подготовски за зачленување во НАТО. Тоа се четирите главни столба. Вие велите дека всушност, тоа ќе има големо влијание во економската сфера. Не знам, прво можеби имате сознание, јас немам кога Република Македонија ќе се стекне со статус на кандидат членка во Европската унија, до каде се завршните подготовки за членување во НАТО. Овие веќе повеќе личат на политички столбови, отколку на економски столбови кои секако ќе имаат ефекти во економијата. Дали тука се мисли министре на достапноста на фондовите кои ќе ги има евентуално Република Македонија, доколку се стекнеме со статус кандидат за преговори со Европската унија, меѓутоа, се согласувам дека ќе има големо влијание меѓутоа, вие не наведувате дали тоа големо влијание ќе биде во позитивна насока, или ќе биде во негативна насока. Ние сите се надеваме дека ќе биде во позитивна насока, меѓутоа, вистинскиот одговор ќе биде лош, доколку тие ефекти ссе негтивни во македонската економија која е тлку кревка, ми е страв само да

не се скрши. За тоа зборуваше и колегата Флоровски, наведено дека 22.514 се помалку невработени во Република Македонија, или имаме значителен пад на бројот на невработените во државата. Значи во периодот од 01.01.2005 година до 30.06.2005 година, се врботиле во Република Македонија 22.514 лица. Искрено да ви кажам јас до сега не слушнав никаде, барем во јавните медиуми ако се има толкаво ниво на вработување во Република Македонија и ниеден медиум за тоа да не каже, значи некаде имаме куршлус. Дали е во податоците кои се дадени од страна на министерот, или пак, медиумите што не верувам дека е така, не сакаат да кажат дека во Република Македонија бројот на вработените се зголемил за 22.514 лица, што да се разбереме, не е мал број.Не знам тука дали ви се пресметани луѓето кои работат со договор за дело во јавната администрација, Владата, Службата за општи и заеднички работи и тн. меѓутоа мое убедување е што го кажа и колегата, ние донесовме измени и дополнувања на Законот за вработување во делот на надлежностите на Агенцијата и таму имавме бришење од евиденцијата до колку во рок од една година , до колку во тој предвиден период не се пријавите во Агенцијата за вработување. Јас лично сметам дека овој не е реален број на вработување, туку се должи токму на оној законски основ кој го дадовме дека осигурениците, односно невработените лица кои се под Агенцијата за вработување, немаат право една година да се пријават во Бирото за вработување.

Понатаму, велите во вашето експозе дека помали инфлаторни притисоци се очекуваат во втората половина од годината, како резултат на очекуваното прилагодување на цената на енергетиката и на енергенсите. Сега оваа формулација помали инфлаторни притисоци, колку мали би биле тие притисоци, ако знеме дека се предвидува зголемување на електричната енергија со сите оние измени и дополнувања на Законот за преобразба и формирање на агенција за енергетика и се што се случуваше во Парламентот во делот на енергетиката, би сакала да знам колку ќе бидат тие помали инфлаторни притисоци во втората половина од годината, со оглед на тоа дека ребалансот на Буџетот се однесува до крајот на 2005 година.

Во споредба со претходните години и сами кажувате дека од измените и дополнувањата на Буџетот беа последица и од потребата за ревидирање на иницијално планираните макроекономски индикатори, оваа година со сигурност можат да се потврдат првичните проекции, што е показател дека македонската економија постепено постигнува задоволителни стапки на раст.

Затоа прашам, дали во некој извештај од некоја меѓународна институција до сега видовме дека Република Македонија се искачила во некои сегменти на економијата некое скалило погоре, или пак, Република Македонија паѓа во било кој финансиски извештај. Почитуван потпретседателе сакам да прашам, ако знаеме дека во 2004 година Република Македонија и Република Молдавија беа на последно место по дирекните странски инвестиции. Значи за 2004 година правиме муабет. Не знам дека нешто драстично се сменило од тогаш наваму. Во Република Македонија, согласно тие параметри почитуван министре, директно се вложени 151 милион долари, во Бугарија во периодот од 2000 до 2005 година висината на дирекните странски инвестиции е 7,3 милијарди долари, или приближно по милијарда и 600 милиони долари. Сега споредете го тоа со нашава бројка од 151 милион долари. Сите премиери и сите експозеа кои до сега беа презентирани во овој Парламент укажуваат дека дирекните странски инвестиции ќе се зголемат и 2003 и 2004, а ние не видовме ништо од тоа зголемување или учество на дирекните странски инвестиции во вкупната економија во Република Македонија.

Основни причини за овој ребаланс на Буџетот се зголемена реализација на буџетските приходи по однос на подинамичниот развој во периодот јануари-мај. Второ, утврдено повисоко ниво по основ на приходи, по основ на дивиденда од АД "Македонски Телекомуникации" и трето, буџетирање на дополнително регистрираните приходим, меѓу кои е наведено и финансирање на неопходни приоритетни проекти, гарантен фонд за поддршка на мали и средни претпријатија и ова е многу важно министре, инвестиции во патната инфраструктура. Образование и дипломатско-конзуларните претставништва не ме интересираат многу, ама патната инфраструктура и кога дојдовте на функцијата министер за финансии и додека беше вашиот претходник, пратениците од источниот дел на Македонија, без оглед на партиската припадност поднесуваа амандмани на Буџетот, амандмани на ребалансот на Буџетот, за одвојување на пари за подобрување на патната инфраструктура во источниот дел на Македонија. До сега нема, освен она закрпување на дупки и асфалтирање на навистина, ризичните делови нема инвестиција еден денар во патната инфраструктура во источниот дел на Македонија. Би сакала да знам како планирате и дали воопшто планирате, барем да кажете со вој ребаланс за 2005 година, апсолутно немаме намера да чепкаме во патната инфраструктура во источниот дел на Македонија. Тоа ми е многу важно. Искрено да ви кажам друго ништо посебно не видов во овој ниту ребаланс на Буџетот, ниту во параметрите, ништо не ми значат, ако се знае дека семејниот буџет на раѓаните на Република Македонија секој ден е се помал и помал, не знам каква методологија користите во Минисерството за финансии, почнавте со Буџетот од 2005 година, така како што ја предвидувате, меѓутоа, и покрај така утврдената методолопгија во економијата и кај

граѓаните на Република Македонија нема пари. Тоа можеме само да го констатираме, кои се причините, зошто до сега не успеавме да обезбедиме доволен број , или поволна клима и за странски инвестиции иако имате таму деловно опкружување на оваа подпрограма во Владата и ако упорно ги кажувате оние слободни царински зони, од тоа нема ништо. Искрено да ви кажам и 15 ребаланси на Буџетот да направиме, ние повторно ќе си тапкаме во место и вие како Министерство за финансии, можеби најсовршено ќе си ја извршите работата во делот на методологијата, меѓутоа, фактичката состојба на теренот и она што го чувствуваат граѓаните на Република Македонија, затоа што на крајот на краиштата Буџетот се полни со пари од даночните обврзници. Луѓето кои се даночни обврзници се задолжени да плаќаат данок. Сега тој данок треба повторно да се врати во функција. Ќе кажам уште еднаш дека не очекувам со овој ребаланс на Буџетот нешто посебно да се постигне, а ни следуваат реформи во судството, борба или јакнење на владеењето на правото, борба против корупцијата и не знам како ќе успееме сето тоа да го спроведеме, иако имаме кредити и ако имаме задолжувања, транши од лево, од десно, меѓутоа мислам дека ребалансот на Буџетот нема да ја постигне целта. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарма госпоѓо Којзеклиска.

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

Повделете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Ребалансот на Буџетот на Република Македонија е тема која што мора да се зборува, едноставно , бидејќи е од суштинско значење за државата Република Македонија и треба да се елаборира во Парламентот, а можеби некогаш може и да се смени, за да добиеме еден подобар буџет. Тоа е исто и со буџетот така и со ребалансот. Јас во таа насока сакам да кажам некои работи. Со овој ребаланс се предвидуваат зголемени приходи во буџетот едноставно изнудени или можеби во делот на неизворните приходи изнудени од дивидендата која ја добивме од страна на Телекомот и некои продажби на капитални објекти. Додека кај изворните приходи интересно е што се предвидува зголемување, а ако се погледне од 1 до 5 месец колку е извршена онаа проекција која што беше предвидена со буџетот, ќе видиме дека немаме некои бројки со кои што можеме да се пофалиме. Ќе видиме за 40% , или во делот на ДДВ ќе видиме само околу 10-тина милиони од предвидени 25 милиони кои што беа предвидени со буџетот. Така што интересно е сега што се оди поофанзивно и се вели дека до крајот на годината ќе имаме дури и поголеми изворни приходи. Дај боже да биде така за да се зголемат и да бидат навистина дури и надфрлени вака проектираните и конечно во државата да завладее правото и законите. Јас верувам дека има многу поголеми резерви и од вака проектираните и ако државата успее да си ги наплати сите оние што сега се појавуваат и пирамиди инт. и целата таа евазија на даноци. Верувајте дека ќе имаме многу поголем буџет ако тој аршин важи за сите, но не да се применуваат селективно законите, туку на ред сите оние кои што крадат од државата на тој начин преку даноците едноставно да си ги платат, или да се раздолжат спрема државата. Тука има големо поле за работа само не верувам дека оваа борба ќе биде искрена и се како што треба, на многу луѓе ќе им се прогледа низ прсти поради партиска припадност, или некои заслуги кои што во минатото бевме сведоци дека така се работи во Македонија. И сега така ќе биде, ќе настрадаат некои поситни, или некои кои Што можеби и несакајќи направиле некоја грешка за да се задоволи апетитот на јавноста и да се покаже дека сака нешто да се изработи. Верувајте дека конечно во Македонија потребно е да завладеат законите и да бидат спрема сите исти без разлика кој на која партија припаѓа и кој какви заслуги има од изборите. Самот така можеме да направиме Македонија држава која што сакаме да ја видиме во Европа, Македонија силна, економски моќна, Македонија која што ќе биде пример во регионот за владеење на правото и за правната држава. Со декларативни изјави, а на терен сосема нешто друго работејќи ние не можеме да постигнеме ништо. Очекував да речеме можеби потајно во овој ребаланс да се појави некоја мерка која што значително би влијаела на развојот, посебно на економијата во Македонија, да речеме да се признаеше грешката која што ја направивме со покачувањето на стапката на ДДВ од 5 на 18% за некои производи кои што реално и практично не треба да има таква стапка на ДДВ од 18%. Тоа се сите овие земјоделски производи, посебно земјоделската механизација, лековите и ред други производи, детската храна. Се увиде дека тоа е една голема грешка која е направена и која што силно влијае на развојот на економијата во Македонија не само како социјална мерка, ако некој мисли дека е социјална мерка тоа намалување, јас мислам дека е развојна мерка тоа намалување. Многу подобро ќе се развивавме ако тие производи ги вратиме на 5% ДДВ. Верувајте дека тоа е грешка и можеби сега беше правиот момент да сес исправи оваа грешка со ребалансот на буџетот, ќе видите дека веднаш ќе имаше ефекти, ќе имавме многу повеќе работа во Република Македонија , многу повеќе бизнис, но и многу поголем обрт. Сега не верувам дека овие пари кои што сега се предвидени дека ќе влегуваат во буџетот со зголемување на оваа стапка дека влегуваат, бидејќи посебно кај лековите мислам дека постои еден голем шверц во Република Македонија . Едноставно се повеќе граѓани и самите граѓани си купуваат лекови во странство, во Република Бугарија, или во Грција бидејќи се многу поевтини. Така што не само што

ништо не добиваме, туку многу губиме. Верувајте дека тоа е круциална грешка која што се направи. Погледајте ги цените на лековите во Бугарија или во Грција, погледнете ги во Македонија па ќе видите зошто таму се купуваат. Тоа и не е шверц, туку луѓето си купуваат лекови за лични потреби, ама 2 милиони граѓани ако си купат за лични потреби, тоа се големи пари. Гледам дека ова не е вклопено во овој ребаланс на буџетот и ништо поинтересно не е дадено. Дадени се бројките, проекциите како мерка која што би влегла како мерка во делот на изворните приходи измени не постојат. Можеме да зборуваме за броките кои што се наведени во Извештајот и очекувањата за пораст на бруто домашниот производ од 3,8%, можеме да зборуваме за бројката која што е наведена дека имаме 22 илјади помалку невработени, а не е кажано колку имаме нови вработени. И малку ме чуди оваа бројка зошто е напишана, помалку невработени, а не пишува колку имаме нови вработени. Дали граѓаните на Република Македонија се повеќе ја напуштаат Република Македонија па така ни се намалува и бројката на невработени, така што се повеќе граѓани имаме , со тоа и помалку невработени. Сигурно тоа е основната причина бидејќи гледаме дека тешко се живее во Република Македонија. Нашите граѓани имаат проблем да се прехранат и да преживеат. Тоа е така. А бројките кои што се наведени покажуваат дека одиме напред, а стопанството, граѓаните одат назад. Тоа може да се види на секој ч!екор дека е така. Како што беше и во претходните години, со претходните влади слушавме бројки, силни бројки, вакви успеси, онакви успеси, а едноставно граѓаните ништо не чувствуваа од тие успеси, па знаеме како се поминуваше на изборите, се казнуваше. Бројките ние можеме да ги кажуваме со полна уста , но не гледаме дека граѓаните нешто подобро живеат, туку живеат посиромашно од ден на ден. И тие малостопанственици што ги имаме, мали фирми за кои што имаме задача од ЕУ да ги развиваме и наша определба е да го помагаме тој мал бизнис, ние ги уништуваме постепено и се повеќе и повеќе влегуваат во долгови поради неплатени придонеси, поради неисплатени плати и се повеќе и повеќе тие 60.000 фирми ние ги доведуваме во ситуација да размислуваат за затварање, да стават клуч на вратата таму каде што работат. Тоа е реалната ситуација во Република Македонија дека граѓаните, стопанствениците, целиот бизнис сектор, земјоделието, без разлика каде што ќе погледнеме имаме еден тотален колапс. Се опстојува тешко и тешко се работи. Државата во таа насока ништо не прави можеби и одговара една таква состојба бидејќи е намалена потрошувачката, се помалку пари има во оптек, држиме цврст курс на денарот , имаме добра фискална политика, макроекономска политика, бројките се добри, а нема ништо ако погледнеме, ако излеземе надвор од бројките ќе видиме дека сето тоа е гола вода. Очекував да речеме и повеќе пари за земјоделието. Поучени од искуствата, гледајќи ги искуствата на сите нормални држави на ЕУ кои што издвојуваат 46% од својот буџет за земјоделието. Во Република Македонија , гледајќи ги бројките кои што како пари влегуваат во буџетот на Република Македонија од земјоделците , мислев дека ќе се има храброст да се издвојат 2 милијарди, 3 милијарди денари за земјоделците во Република Македонија . Зошто да не се издвојат. Па како ние можеме да кажеме дека имаме држава, ако немаме производство на храна, ако немаме она што ни е основата , ако земјата не ја искористиме. Ние неможеме да не се потпреме на земјоделието. Не можеме ние имаме иднина како Република Македонија ако немаме силно ззeмјоделие. Не само со тоа што ние бевме земјоделска земја, или земјоделска Репбулика во границите на бивша Југославија, не само поради климатските услови и земјата која што е квалитетна и сето тоа, сите држави во светот го развиваат земјоделието, без храна нема држава тоа на секого треба да му биде јасно. Посебно од аспект на тоа дека покрај тоа земјоделие кое што се развиваше со години, ние имаме и силни производни капацитети во областа на земјоделието. И да се занемари еден таков потенцијал, да не се свртиме кон него, да не инвестираме во него може само да се свати дека некој едноставно не сака да ја развива оваа држава, или не сака да и тргне на оваа држава, не сака да имаме една силна Македонија, не сака да имаме држава која што ќе биде таму каде што сите сакаме да биде во ЕУ како силна членка на ЕУ, а не како некоја држава која Што ќе ја земат за да ја издржуваат во ЕУ. Тоа ни е целта да влеземе во ЕУ, некој да ни дава пари па да живееме од тие пари. Како што гледаме ваквите носења на закнските решенија само тоа би значеле, брзо да донесеме се што треба да донесеме како законска обврска и да ги прилагодиме тие законски решенија и да влеземе во ЕУ такви гладни и боси и таму да не хранат. Верувајте дека никој ништо нема да ни даде ако сами не си изработиме, никој нема да не земе во ЕУ со 2000 долари бруто национален доход , никој не зема сиромав за да го издржува. Само како економски јака Македонија ние можеме да кажеме дека сме се приближиле кон ЕУ.

Во делот на расходите намалени се парите за пензиското. Знаеме дека тие 8% кои што беа вратени сега пак им се одземаа на пензионерите, оптеретени со лековите кои Што мораат да ги купуваат многу скапо и вака намалени пензии, јас им се чудам на пензионерите како воопшто успеваат да опстанат, не на тие пензионери кои што имаат многу високи пензии поради разни заслуги туку во Македонија околу 90% од пензионираат земаат по 4.500 денари пензија. И тие со тие пари треба да си купат и лекови и треба да се прехрана. Сметам дека пензиите, пензионерите во Република Македонија треба да се ревидираат нивните пензии и да се овозможи да можат да живеат нормално, бидејќи тие тоа го

заслужиле со својата работа од 40 години , затоа што за да стане пензионер треба 40 годишен стаж. Некој кој што работел 40 години заслужува да има една пензија со која што ќе има еден достоен живот. Намалени се парите во здравството. Така што можеби има едно зголемување во тој гарантен фонд за мали и средни претпријатија. Јас ќе го поздравам тоа дека е добро , верувам дека ќе заживее тоа , пак нема селективно да ги даваме тие гаранции за кредитите кои што ќе ги влечат малите и средни претпријатија . Верувам дека навистина ќе се подржуваат проекти кои што ќе и донесат развој на Република Македонија, нови вработувања, верувам дека ќе се воведе и тоа што многу пати го кажав тука 50 или 60% грантови во неразвиените подрачја во Република Македонија за инвестиции кои што ќе донесат нови вработувања. А кога биде тоа, ќе видиме, можеби следната Влада ќе биде похрабра и ќе може да се зафати навистина со проблемите ки што сите ние ги гледаме, а не ги решаваме. Не би должел повеќе јас ќе подржам ребалансот на буџетот заради тоа што ребалансот на буџетот се носи и е изнуден од големите приходи . Тоа е документ кој што ние мораме да го донесеме во Собранието. Се надевам дека во 2006 година која што е изборна година ќе видиме многу похрабри решенија, многу похрабра макроекномска политика, политика која што ќе донесе развој на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стаменков.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Поповски, денеска е пазарен ден во Велес , купен е со пари пред 120, 130 години . Почетокот го одбрав поучен од вашето искуство. Вие имавте некој пример со компири, со ореви, алудирајќи при тоа на буџетот и дека не е битно од каде доаѓа, само да се полни. И на денешниот пазарен ден во Велес 20.000, или да бидам попрецизен 19.600 невработени според 31 декември 2004 година во Бирото за вработување. Дел од нив се обидуваат својата егзистенција да ја пронајдат, или да започнат да возат такси возила . Деновиве оди од вашите служби едно известување дека треба наскоро да се екипираат нивните возила, или средствата за производство со кои тие заработуваат за себе и за своите семејства со фискални каси. Дел од нив се обидуваат да заработат возејќи патници најчесто во Скопје. Но, вие им ја зголемивте патарината која и досега им беше проблем.

Јас не можам овие две работи да ги поврзам, ова што сега ви го кажав и реализацијата на вашите два среднорочни аранжмани со ММФ и Светската банка, стекнувањето на статус на кандидат и почеток на преговори со ЕУ за членство во период 2005 - 2006 година, реализацијата на првата фаза од децентрализацијата на власта и завршните подготовки за зачленување во НАТО, се 4-те главни столба на македонската политика во наредниот период што, се разбира, ќе имаат големо влијание во економската сфера, заедно со финансирање на неопходни приоритетни проекти, Гарантен фонд за поддршка на мали и средни претпријатија.

Објаснете ми, што да направат овие 19.600 луѓе во Велес или 26000 во Прилеп или цела Источна Македонија, почнувајќи од Штип, завршувајќи во Берово, како тие да ги дочекаат овие среднорочни, да ги преживеат овие среднорочни аранжмани и овие ваши 4 главни солунски столбови на македонската политика во наредниот период.

Вашето внимание, на таканаречената макро-економска политика, дали напати ви блеснува во главата дека поголемиот дел од луѓето во земјава се соочуваат со микро-економската политика секојдневно? Кога ќе ви дојдат службениците на Електростопанство на Македонија и ќе ви кажат - ние ќе ви воведеме ново броило, кога ќе ви наплати Електростопанство на Македонија висока тарифа а вие тврдите дека не сте ја потрошиле, кога Телекомуникации ќе ви испратат белешки за разговори што не сте ги направиле, кога било која друг голема компанија во земјава ќе успее да ги наплати парите од луѓето, дали не мислите дека тоа го оптоварува домашниот буџет, ако уште можеме да зборуваме во Република Македонија дека поголемиот дел од граѓаните и можат да зборуваат дека во земјата има нешто што се нарекува домашен буџет?

Дали ви паѓа на памет дека проблемите со започнувањето на учебната година во септември е, а вам ви е смешно, вам ви е смешно затоа што вие успеавте да отворите со еден А-4 формат лист цел универзитет во Тетово, а за да се регистрира едно возило како такси возило, правите како да станува збор за донација од 100 милиони долари при нашето зачленување во ЕУ и НАТО. Тоа, не мислам дека треба да ви биде смешно господине Поповски, затоа што уште кога се носеше Буџетот, критиките, воглавном од редовите на опозицијата ви одеа воглавно во насоката дека воопшто немате увид во микро-економските односи во земјата. Зборувате за проблемите што ги имавте со Методологијата, дека тоа е некој виртуелен пад од 40% на индустриското производство, а во вашето експозе што, се разбира, како и секое друго високоинтелектуално но важно четиво има ембарго до објавувањето, зборувате дека, на пример во мај индустриското производство има пораст од 15,8% во однос на истиот месец од минатата година. Ви недостасува уште и силниот министер, понекогаш се јавува во улога на министер за економија кој понекогаш како министер за труд и социјална политика, за да ги поткрепите овие тврдења.

Значи, вие тврдите дека сте имале раст од 15,8%, а истиот пад го негиравте во текот на минатата година, дека е крив Заводот за статистика, крив е

директорот, криви се стручните служби што имале погрешна Методологија, што се разбира не е во согласност со стандардите на ЕУ и на НАТО.

Исто така, либерализацијата за која што вие зборувате, што ќе ја подобри деловната атмосфера во Република Македонија, недостасува овде да ја опишете, да речеме со големиот трговски центар што се отвори во главниот град, со Рамстор, начинот на кој се договори, и колку тоа се одрази позитивно на македонската економија? Колку, на пример, тоа што вие успеавте овде во Скопје да отворите Рамстор, се одрази на оние 19.600 во Велес или на 26.000 во Прилеп или на луѓето во Каменица? Истовремено, дали ви паднало на памет постапката за отворање на маалска продавница и постапката за отворање на Рамстор? Што мислите, кој има повеќе шанси, а велите еден од главните столбови, секако ќе биде, да напрвите финансирање на неопходни приоритетни проекти за мали и средни претпријатија? Оваа реченица, во овие 15 години мислам дека повеќето луѓе во земјава ја имаат замразено. Барем оние кои се обиделе да почнат со нешто што се нарекува мали и средни претпријатија. Колку помало претпријатие, толку поголеми проблеми со државната администрација и со бирократијата.

Да ве потсетам, во вашата Агенда за либерализација и за поттикнување на приватната иницијатива, успеавте вие, во Владата да најдете два експерти кои, без малку како еколошка катастрофа ја убедуваат јавноста во земјава дека тие полжави ако избегаат од сеуште неотворените фарми, ќе направат пустош низ земјава. Па, завртете се наоколу. Не ви требаат полжави да ја направат пустош земјава. Вие сте доста успешни во таа насока.

Оттука, јас не сакам многу да должам, но господине Поповски вашето експозе, академски напишано, навистина нема никакво влијание во секојдневниот живот на луѓето. Ниту патарините ќе се намалат, ниту патиштата ги направивте подобри, ниту го унапредивте образованието, иако ви е ставено овде дека имате неопходни проекти во образованието. Ниту поправивте училишта. Јас не гледам каде ги трошите парите? Фондот за здравство, конечно после неколку месеци најава, излезе со еден извештај дека дел од Извештајот на Државниот ревизор е прифатлив, дел е апсолутно неприфатлив, а делумно има вистина во тоа што пишува во Ивештајот на Државниот ревизор. Но, јас не се сеќавам дека вие нешто посебно бевте загрижени, затоа што изгледа ви е премногу мил претходниот директор на Фондот за здравство, па без никакви договори успеа да потроши за 9 месеци директорување во Фондот за здравство, колку што не успеале да се потрошат во овие 15 години наназад. А, истовремено, човекот беше толку доследен, па не успеа еден клинец да закова во обична амбуланта. И, за тоа, вие, господине Поповски го наградивте и сега ќе биде, сега веќе е во големата телефонска компанија.

Значи, со ова што сте го напишале овде, можеби навистина јас не можам поголем дел од работите да ги сфатам, затоа што е тоа едно исклучително високо академско интелектуално ниво, но не умеам ова јас да го преработам и да го сфатам како се одразува во секојдневниот живот. Не можам јас да видам како се либерализира и како се поттикнува приватната иницијатива, што на секој чекор се кочи. Вие ги прогласивте полжавите за државен непријател број 1.

Секоја ви чест господине Поповски на вашиот пат кон ЕУ и НАТО, но мислам дека лоши времиња дополнително идат, особено што практично секој втор граѓанин на земјава гледа каде е финансиската пирамида, освен вие. А, од вас се очекуваше дека вие ќе ја видите. Сте излегле со еден список на дузина сопственици на некакви мали и средни претпријатија кои треба да ја платат политичката цена на таа рекламна кампања што ја започна вашата Влада воопшто.

Од вас, како министер за финансии, единствено можеби полош беше актуелниов гувернер на Народна банка, затоа што тој, барем за разлика од него, тој дрско лажеше во Собранието на Република Македонија, заедно со директорот на Електростопанство дека струјата нема да се покачи за да се направи токму спротивното. Вие барем тоа не сте го кажале, но вие не учевте на оној пример со компири и ореви, не е битно од каде идат парите, битно е да се полни касата.

Е, додека вашата каса се полни, на повеќето од нас касата се празни. Мислам дека ниту овие 4 столбови што ги набележувате како главни политички правци во периодот пред нас, ниту ова што велите ќе ја поттикнувате приватната инцијатива, либерализација и подобрување на деловната атмосфера ќе биде реалност додека сте вие, ако не вие и вашата Влада, барем додека сте вие министер за финансии тоа нема да се случи. Се разбира, не можете да очекувате во таа насока и поддршка за вашиот предлог.

(со седницата продолжи да раководи господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.)

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на раздел 10001 Програма 3 Потпрограма 30 за додавање Категорија 46 и ставка 461 после ставката 403 и на раздел 10001 Програма Д Потпрограма Д1 ставка 464 и на раздел 26001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 и на раздел 09002 Програма Д Потпрограма Д8 ставка 423, и тие се составен дел на текстот на

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот.

Комисијата за економски прашања поднесе амандман на раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 401, 402 и 403, раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 10 ставки 401, 402 и 403, раздел 06001 Програма 1 Потпрограма 10 ставки 401, 402 и 403 и на раздел 08001 Програма 1 Потпрограма 10 ставки 401, 402 и 403, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандмани на раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 и на раздел 09001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 426 и на раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 426, 464 и 483, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Нежджет Мустафа поднесе амандман на раздел 15001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425 и на раздел 09001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425, по кој Владата не се произнела

Пратеникот Никола Апостоловски поднесе амандман на раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3У ставка 488 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ејуп Рустеми, Јани Макрадули, Рафис Алити, Теута Арифи, Андреј Жерновски, Нежджет Мустафа, Гајур Сарач, Иван Стоиљковиќ и Абдилаќим Адеми поднесоа амандмани на раздел 10001 Категорија 42 ставка 421 и на раздел 31101 Категорија 42 ставка 421 и на раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 48 ставка 482 и на раздел 31101 Категорија 48 за додавање нова ставка 481, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Крстевски поднесе амандман на раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3У и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Абдилаќим Адеми, Ејуп Рустеми и Хусеинџеват Хусеини поднесоа амандман на раздел 16001 Програма А Потпрограма А2 ставка 442 и на раздел 09002 Програма А Потпрограма А0 ставка 441, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Агим Џелили, Недим Рамизи и Селвије Салиу поднесоа амандман на раздел 16001 Програма А Потпрограма А2 ставка 442 и на раздел 09002 Програма А Потпрограма А0 ставка 441, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева поднесоа амандмани на раздел 02003 Програма Г Потпрограма Г1 ставка 401 и на раздел 09002 Програма Д Потпрограма Д8 ставка 423; раздел 09002 Програма А Потпрограма А0 ставка 441 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489; раздел 10001 Програма Д Потпрограма Д7 ставка 425 и на раздел 04001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 426; раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2Б ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426; раздел 16001 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426; раздел 16001 Програма 5 Потпрограма 50 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489 и на раздел 16001 Програма 6 Потпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 401 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489; раздел 16001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 401 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489 и на раздел 16001 Програма 4 Потпрограма 40 ставка 401 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ѓорѓе Паљошковски, Илија Србиновски и Илија Китановски поднесоа амандман на раздел 09002 Програма Е Потпрограма Е1 ставка 432 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по Амандманот на раздел 02001 Програма...

(Пратеникот Силвана Бонева бара збор процедурално)

Барате збор процедурално госпоѓо Бонева?

Повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе,

Ве молам од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ половина час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Поради што?

**Силвана Бонева:** Заради консултација на пратеничката група.

**Љупчо Јордановски:** 20 дена го имавте Буџетот и барате сега консултации после 20 дена?

**Силвана Бонева:** Господине претседателе имаме право во име на пратеничката група да побараме половина час пауза.

**Љупчо Јордановски:** Имате право, но јас имам право да не дадам, но ќе ви дадам половона час пауза. Повелете.

(Реакции од пратениците за дадената пауза)

Пауза до 13,45 часот, потоа продолжуваме. А дали ќе има пауза ќе видиме.

Во 13,45 часот продолжуваме. Повелете.

(Пратениците замина на пауза во 13,16 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,45 часот)

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 програма 2 од програма 20 ставки 401, 402 и 403, раздел 04002 програма 1 потпрограма 10 ставки

401. 402 и 403; раздел 06001 програма 1, потпрограма 10 ставки 401, 402 и 403 и на раздел 08001 програма 1, ставки 401,402 и 403 поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Овој амандман покрива законски обврски исплата на персонален данок на доход на вработените во Собранието, кои се законски обврски во Буџетот, износот е релативно мал. Амандманот не го прифаќаме, меѓутоа ако дојде до недостаток на средства согласно со исплатата на платите до крајот на годината и перосналецот законските обврски ќе бидат подмирени од страна на Буџетот и ќе се коснтатира во завршната сметка со оглед дека средствата воопшто не се високи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Адеми имате збор.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине претседателе.

Како известител од Комисијата за економски прашања, да кажам дека ова прашање на Комисијата се дискутираше. Врз основа на дискусијата Комисијата предложи амандман за кој што министерот нагласи дека се говори за прашањето за исплатата на платите и на придонесите кои уследија по измените на Законот за платите на пратениците и на другите именувани и избрани лица.

Овде јасно се гледа дека има недостаток на овие средства и затоа Комисијата за економски прашања се определи да му предложи на Министерството за финансии односно на Владата амандман преку кој ќе се предвидат средства до крајот на годината.

Исто така би сакал да нагласам дека и претставникот на Владата односно државниот секретар на Министерството за финансии во Комисијата за економски прашања се согласи со дискусиите на пратениците и со предложениот амандман. Комисијата едногласно гласаше за овој амандман.

Јас и понатаму стојам на истиот став дека овој амандман треба да биде прифатен и наспроти изјаснувањата на минситерот дека доколку иманедостаток на финансиски средства ќе се покриваат врз законска основа.

Значи, уште еднаш да нагласам дека Комисијата едногласного усвои овој амандман кој што го предлагаме до Министерството за финансии.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

(Поголема група на пратеници велгуваат во салата).

Во салата се присутни 62 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници од кои 19 за, воздржани 1 и 38 против.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02001 програма 2, потпрограма 20 ставка 426 и на раздел 09001 програма 1, потпрограма 10 ставка 426, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** За намените за кој е поднесен амандманот средствата се обезбеденисогласно Законот за извршување на Буџет од функциите на тековната резерва на Буџетот и тие се одобруваат со одлука или на министерот, или на Владата и затоа нема потреба од овој амандман за дополнителни средства. Ако има потреба од ова ќе обезбедуваме од тековната резерва.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине претседателе, почитуван господине минситре,

Со оглед на тоа што во Парламентот во изминатите неколку состави се случија трагични заминувања на наши пратеници, а и во овој состав и со оглед на доста скапите трошоци за регулирање на тој чин при трагично загинување на пратеници се наметнува потреба, барем според мене, со овој амандман Собранието, како и Претседателството или Комисијата за избор и именувања да го решава преку своите акти со доделување на симболична помош на семејствата на починатите пратеници.

Овој амандман, со кој што се предлага на Собранието во својот Буџет со 500 илјади денари да го решава соодветно на потребите доколку се укаже таква потреба, а доклку не се укаже се разбира дека тие средства ќе останат како резерва на располагање на претседателот на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници од кои 22 за, воздржани 1 и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 02003 програма Г, потпрограма Г1 ставка 401 и на раздел 09002 програма Д, потпрограма Д8 ставка 423, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Средствата за основни плати и надоместоци во Државната комисија за спречување на корупцијата се обезбедени во Буџетот и се буџетирани до крајот на годината согласно со законите во Република Македонија и нема потреба од нивно зголемвуање, затоа што и не можат да се исплатат. Има ограничувања колку можат да се исплатат согласно Законот и затоа амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор.

Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот го предлагаме од причини што не е добро Државната комисија за спречување на корупцијата да има 20% помал буџет за 2005 година и пораката што се испраќа е лоша, а исто така имаме и барање од Државната комисија за спречување на корупцијата за зголемување на поушалите кои што ги примаат, бидејки сеуште не се професионалци. Сметам дека од тие причини, а најмногу заради впечатокот кој што на овој начин се создава едноставно дека се ускратуваат средствата за Државната комисија за спречување на корупцијата да со едно релативно мало зголемвуање да се усогласат и нивните поушали со она што значи зголемување на платите на избраните и именуваните функционери.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници од кои 11 за, воздржани нема и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 програма А, потпрограма А0 ставка 441 и на раздел 09002 програма 2, потпрограма 20 ставка 489, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа.

Средствата за дотации од ДДВ се утврдени со Законот за финансирање на општините во износ од 3% од собраниот ДДВ и не можат да бидат повеќе согласно Законот.

Овде се предлага да се зголемат скоро дупло. Ова е на нивото што Законот го обезбедува и не може со амандман, или со Буџетот да се обезбедат повеќе отколку што со Законот се обезбедува. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Китановски имате збор.

**Илија Китановски:** Го прифаќам образложението на минситерот и го повлекуваме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 програма Е, потпрограма Е1 ставка 432 и на раздел 09002 програма 2, потпрограма 20 ставка 489, поднесен од пратениците Ѓорѓе Паљошкоски, Илија Србиновски и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа.

Средствата за водостопанските претпријатија се проектирани согласно динамиката на повлекување докрајот на годината. Нема да можат да повлечат повеќе отколку што е предвидено овде, затоа што првите три месеци настана застој во повлекувањето и тоа е неповратно изгубено и доволно е средства за до крајот на годината да повлечат средства до крајот на годината. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Ова е спротивно на образложението на министерот.

Сметам дека токму со прифаќање на овој амандман практично ќе ги поттикнеме задолжените минситерства или посебни проекти кои што ги водат проектите за реструктуирање на водостопанските претпријатија навистина да ги направат овие структурни промени и процеси според Законот за водостопански претпријатија, кој што е донесен.

На тој начин и во иднина нема да се амнестира доцнењето на реализацијата на проектите и заради тоа едноставно да бидат амнестирани и да не се повлекуваат ниту средствата од Светската банка која што го финансира овој проект, ниту средства од Буџет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Галсале 64 пратеници од кои 11 а, воздржани нема и 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

Ве молам во 15,00 часот сите да бидеме тука, затоа што имаме многу амандмани да поминеме, да не се бркаме за кворум.

Значи, продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот).
(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Да почнеме со амандманот, а во меѓувреме ќе се обезбеди и кворум.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 10001 Програма Д Потпрограма Д7 ставка 425 и на Разел 04001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 426, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Гоо молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Програмата за подобрување на деловното опкружување е минималното буџетско учество што ќе се обезбеди на кредитот од Светската банка за подобрување на деловното опкружување, кој ќе дојде на дневен ред на Собанието да се ратификува во септември и по наше видување, до крајот на годината, во последните неколку месеци ќе имаме можност да повлечеме дел од средствата. Со оглед дека ова е кофинансирање на главнината од средствата кои ќе бидат од Светската банка, доволно се два милиони, а во идната година кога ќе повлечеме повеќе средства ќе предвидиме и повеќе средства во Буџетот. Нема потреба да се зголемуваат затоа што во тие месеци во кои ќе се оствари таа програма два милиони денари се сосема доволно.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски, имате збор.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе.

Сепак би го образложил амандманот и потребата од негово усвојување.

Сметаме дека предложениот износ од два милиони денари во рамките на Потпрограмата Д7 - подобрување на деловното опкружување е мал и не дава некоја поцврста гаранција за заложбата за подобрување на бизнис климата во земјата, без разлика што законот ќе се усвои во септември и што во текот на последниот квартал на годината ќе почне реализацијата на тој проект од Светската банка. Сметаме дека предложеното зголемување од плус 10 милиони, односно вкупно 12 милиони денари не е некое големо зголемување, посебно водејќи сметка за тоа од која позиција е земено, значи од други тековни расходи во Потпрограмата администрација и ќе придонесе да почне реализацијата многу подобро и поуспешно, а нормално и повлекувањето на траншите од кредитот по овој проект, за да се постигне целта, а тоа е намалувањето на административните и законските бариери по водењето на бизнисот, подобрување на квалитетот на постојната и новата регулатива од деловната сфера, поедноставување на инспекциските процедури и издавањето дозволи и тн. Сметаме дека со прифаќањето на овој амандман ќе се подигне воопшто свеста дека конечно воведувањето на толку најавуваниот едношалтерски систем е неопходно, а исто така и ќе може побрзо и поуспешно да почне обуката на државните службеници кои ќе го спроведуваат вој проект, почнувајќи од јавните набавки, финансискиот и проектниот менаџмент, па до тренингот за следење и евалуација на овој извонредно важен проект.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пратениците ги повикувам да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум.

Во салата влегуваат пратеници).

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Во салата сега се присутни 68 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 7 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 56 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 10001 категорија 42 ставка 421 и на Раздел 31101 категорија 42 ставка 421, поднесен од пратениците Ејуп Рустеми, Јани Макрадули, Рафис Алити, Теута Арифи, Андреј Жерновски, Неждет Мустафа, Гајур Сарач, Иван Стоиљковиќ и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амадманот се прифаќа, меѓутоа, има потреба од техничка доработка во програмата каде што средствата се одземаат, треба да се стави која

програма е. Претпоставуваме дека е Програмата број 20 во Министерството за економија, меѓутоа, за да нема забуна, амандманот го прифаќаме, а ги молам службите на Собранието со нашите служби само да уфрлат која програма е, затоа што е технички дел од амандманот и вака не може.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот, после овие корекции кои што ги констатираше министерот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и на Раздел 31101 категорија 48 за додавање нова ставка 481, поднесен од пратениците Ејуп Рустеми, Јани Макрадули, Рафис Алити, Теута Арифи, Андреј Жерновски, Неждет Мустафа, Гајур Сарач, Иван Сотиљковиќ и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Со првобитно прифатениот амандман проблемите за кои двата се поднесени се надминати. Овој амандман не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, 14 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 43 пратеници гласале против амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3У и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа затоа што се предлага да се намалат средствата за капитални субвенции од функциите на државата, кои се наменети за покривање на загубата на Народната банка, која е законска обврска на државата и не можеме да не ја покриеме. Затоа амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 10 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3У ставка 488 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489, поднесен од пратеникот Никола Апостоловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Исто како и претходниот амандман, средствата не можат да се намалат за покривање на загубата која е законска обврска, меѓутоа, и средствата кои постојат сега во Министерството за транспорт и врски се доволни за да се покрие делот од обврските за кои пратеникот Апостоловски бара дополнителни средства, со тоа што треба Министерството за транспорт и врски, во рамките на својата програма, дел да намени и за овој објект, Браната "Лошана". Нема потреба од дополнителни средства, ако Министерството за транспорт и врски оцени дека во распределбата дел ќе насочи натаму. Затоа, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Апостоловски, имате збор.

**Никола Апостоловски:** Благодарам господине претседателе.

Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 426, 464 и 473, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа, затоа што зафаќа огромни средства од средствата на државата кои се предвидени за кофинансирање на проекти со Европската унија, информациска опрема и расходи за банкарски провизии и судски решенија на сите државни органи заедно, во значителен износ ги намалува а тие мора да се остваруваат. Оваа година Владата, за намената за која амандманот е предвиден, во споредба со минатата година, во Буџетот предвиде 100 милиони повеќе средства. Ваков драстичен раст како што сега се предлага

практично е невозможен и затоа амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласал 71 пратеник, 15 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 56 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 15001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425 и на Раздел 09001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425, поднесен од пратеникот Неждет Мустафа.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Амандманот чија намена е да се зголемат средствата за исплата на хонорари на работна група ангажирана за изготвување на проект не го прифаќаме, затоа што средствата кои се предвидени во Буџетот се доволни и нема потреба од дополнителни средства за оваа намена за која е поднесен амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Мустафа, повелете, имате збор.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе.

Мислам дека образложението на амандманот, министре, беше многу јасно. Таму не се бараат милион денари за хонорари за луѓето кои ќе проектираат програми и слично, туку бараме еден милион денари, не само декларативно да се определи Владата дека ја донесе одлуката за Стратегијата на Ромите, туку нешто поопипливо за имплементација на Стратегијата на една група, формирана во Министерството за труд и социјална политика.

Уште еднаш да ве потсетам со која цел е поднесен амандманот. Владата на Република Македонија ја усвои Стратегијата за Ромите во Република Македонија, со која се дефинираат активностите во областа на интеграцијата на Ромите, правичната застапеност, развојот на образованието, домувањето, здравствената заштита и вработувањето. Со оглед на тоа што за имплементација на оваа стратегија е ангажирана работна група, неопходно е да се обезбедат средства за надоместок за нејзината работа.

Средствата за оваа цел предлагам да изнесуваат еден милион денари. Сметам дека истите можат да се обезбедат со овој ребаланс на Буџетот и ќе придонесат за поголем мотив на лицата кои се ангажирани во работната група. Значи тоа се само основни средства за организирање на активностите, односно за имплементација на стратегијата на Ромите, која е донесена на 31 јануари оваа година од страна на Владата на Република Македонија и токму во овој правец сметам дека ова би бил доста добар гест на Владата на Република Македонија за едно симболично финансирање на Стратегијата со еден милион денари.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, имате збор, повелете.

**Никола Поповски:** Сакам да го потсетам господинот Мустафа дека Владата на Република Македонија е една од ретките влади во Европа, која ја донесе Стратегијата и која издвојува значителни средства од Буџетот во разни раздели и програми за интеграција на Ромите во Република Македонија, за нивна правична застапеност, образование, домување и тн. и тој е свесен за тие средства кои во значителен обем се издвојуваат, за што Македонија доби и меѓународни пофалби во тој однос.

Сакам да повторам дека овие средства кои се предлагаат од 15 илјади евра не се за имплементација на политики од Стратегијата, туку се бара да се издвојат за надомест на работата на групата која е ангажирана за тоа и повторно кажувам дека групата е соодветно наградена, нема потреба од дополнителни хонорари.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 64 пратеници, 15 пратеници гласале за амандманот, 2 воздржано и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 401 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 489, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Платите на вработените во јавниот сектор се уредени со закон и не можат со Буџет виза ви законот да се уредуваат поинаку, а средствата кои се предлага да се земат се законски обврски на Република Македонија и не можат да се намалат со ребалансот. Тие мора да се исплатат. Затоа, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, јас на кратко сакам да ја образложам целта што сакав да ја постигнам со овој амандман и можеби од парламентарното мнозинство ќе има подршка за него. Не зборувам  за тоа  дали точно од таму од каде треба и од каде може се земени парите, меѓутоа неопходно е потребата за зголемување на платите во основното, па и во средното образование.

Следењето на статистичките податоци за состојбите во основното и во средното образоввание во Република Македонија ни открива дека во учебната 2004 и 2005 година, бројот на учениците се намалил, но едновремено дошло до зголемување на бројот на наставнците.

Во основното образование бројот на наставниците со полно работно време, од 12.839 во претходната учебна година, се зголемил на 13.028 во учебната 2004/2005 година. Од таму и малото зголемување на стапката за основни плати и надоместоци. Истото тоа се однесува и за средното образование, што го предвидува ребалансот и се однесува на покривање на платите на овој зголемен број на наставници.

Предлагачот на ребалансот не покажал никаков слух за огромного незадоволство на наставниците ,од висината на нивните плати кое не им дозволува дојстоинствено живеење и нивниот револт беше јасно искажан на неодамнешниот штрајк кој беше одржан од страна на Синдикатот за образование. Со просечна плата од 12.500 денари, зборувам овде вклучувајќи ги и наставниците од средното образование, наставниците не се во состојба да си ја обезбедат и елементарната егзистанција. Од друга страна пак зборуваме за реформи во образованието, а реформата во образованието пред нив става други предизвици. Училиштата се опремуваат со компјутери и потребно е и тие да ја имаат совладано комјутерската писменост. За тоа не е доволно само да се вклучат во некоја од програмите кои се финансирани од некои странски фондации за да научат да работат со компјутери, туку тие секојдневно треба да се користат со компјутерите и да имаат свои сопствени компјутери. Нивната плата тоа воопшто не им го овозможува, а бараме  со реформата во образованието постојана едукација на наставниот кадар за да може да одговори на предизвиците на времето. Да не зборуваме за континуираното професионално усовршување кое бара дополнителни средства за купување на книги, за следење на семинари и сметам дека со платата која им се дава на вработените и во основното и во средното образование, буквално не можат да обезбедат егзистенција за себе и за своите семејства, а камо ли да водат сметка за своето стручно оспособување.

Зголемувањето на стапката за основни плати и надоместоци од 10%, што го предлагам е минимална сума што само делумно ќе го подобри материјалниот статус на наставниците и останатиот персонал во основите и средните училишта. За да се доведе нивниот статус на едно достоинствено рамниште, потребно е и понатаму да се зголемува оваа стапка, а не да не се одобри дури ни овој процент од 10%. Значи 10% што барам да биде земен предвид во буџетот. Сметам дека без такво зголемување кое ќе им даде барем минимум надеж дека некој во државата мисли за состојбата на просветните работници, успешната реализација на реформите во образованието, воопшто не можеме да очекуваме дека ќе се направи.

Просветните работници како и вработените во некои други сектори веќе подолг период работат за многу ниски примања. Слична е состојбата и во здравството и во културата и во другите области. Но, почитувани колеги од некаде мораме да започнеме да ја одобруваме состојбата на вработените во јавниот сектор и затоа Владата треба да престане да го користи револтот на едните, како дополнителен изговор, да не ги зголемува платите на другите вработени во другиот сектор. Токму од таа причина, поради тоа што навистина од некаде мора да се почне, јас предлагам со овој амандман да започнеме од основното образование, а понатаму со другиот амандман и од средното образование. Сметам дека постои простор за зголемување на учеството на буџетските трошоци за образованието. На тоа ни укажува и компаративната анализа помеѓу транзиционите економии, според која повеќето напредни земји во транзиција, издвојуваат голем дел од својот бруто домашен производ за системот на образованието. Така на пример Македонија изминатите неколку години, значи  од 1998 до 2002 година, издвојува 4,9% од оствареniот бруто домашен производ, за образованието, додека Словенија за таа намена издвојува 5,4% од бруто домашниот производ, Естонија 6,4%, Израел 6,9%, Норвешка 6,9%, Финска 7%, Данска 7%, Молдавија 10,3%, Значи Република Македонија издвојува само 4,9% од бруто домашниот производ за образованието. За една сиромашна држава, како што е Република Македонија, ќе се согласите дека единствената надеж за излегување од бесперспективноста е вложувањето во образованието и во интелектуалниот потенционал кај младите луѓе, меѓутоа и кај повозрасните, во нивната континуирана едукација, бидејќи ако не се образувани наставниците нема да можат да ги образуваат и своите деца. Ако буквално се гладни, наставниците не можат да посветат внимание на  солидното образованито на своите ученици.

Многу пати се зборува за превработеност во образованието. Сметам дека Република Македонија е земја во која, сепак не постои превработеност за да зборуваме дека и овде имаме многу издатоци, па треба да кратиме. Во Република Македонија имаме 21,6 ученици во просек на наставник, додека  во другите земји има многу помал број на ученици кои му отпаѓаат на

еден наставник и токму заради тоа сметам дека ангажманот на македонските просветни работници не е ништо помалку од ангажманот на нивните колеги во другите земји со транзициони економии, туку напротив во однос на некои земји дури е и поголем. Заради тоа треба достоинствено да бидат наградувани за својот вложен труд во образованието и воспитанието на нашите деца.

И конечно, ако министерот за финансии е убеден дека од даночната пирамида ќе успее да извлече стотици милиони денари и да ги стави во официјалните канали на економијата, тогаш нема причина да се стравува за идните средства кои ќе се повлекуваат од буџетот, а ако се дозволи ова зголемување на платите во образованието. Повторувам, тоа е само 0,2% од бруто домашниот производ на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Жерновски имате реплика?

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе имам процедурално нешто да кажам.

Почитуван претседателе, гледам дека вие сте многу попринципиелен спрема оние кои имаат парламентарно мнозинство, кои го формираат парламентарното мнозинство, отколку спрема опозицијата.

Не слушнавме ништо за амандманот, или многу малку слушнавме. Слушнавме за превработеност, слушнавме за даночната пирамида. Ако сакаде да бидете принципиелен, а верувам во тоа, тогаш реагирајте за дите подеднакво. Инаку сосема друг впечаток добиваме. Сакам тоа најискрено да ви го кажам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Жерновски, начинот на кој некој сака да го убеди мнозинството и малцинството да гласа по амандманот, е различен. Кога ќе седнете на тоа место ќе го сватите тоа.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 11 гласале за, нема воздржани, 56 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандманот на раздел 16001, Програма 2, потпрограма 2-в, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, потпрограма 20, ставка 426, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа. Само да потсетам, јас тоа го кажав во воведното излагање дека Владата на Република Македонија од дополнителните приходи што ги оствари во оваа година, над проектираните, помеѓу другото инвестира и во изградба на 4 основни училишта. Сега овде со амандманот, претпоставувам, по принцип секогаш бара ј повеќе. Се бара и над тоа уште повеќе да се инвестира. Нема никаква потреба од тоа.

Точно, со вишокот на приходите во оваа година и со овој ребаланс ние инвестираме во 4 основни училишта.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Мислам дека во Република Македонија неопстојуваат само 4 основни училишта. Има огромен број на училишта на кои треба конечно да се направи реконструкција за да се создадат нормални услови за работа не само на вработените, туку и на учениците.

Со Буџетот за 2005 година, капиталните расходи за градежни работи и реконструкција се намалени за 65%. Значи за 65% се намалени капиталните расходи за градежни работи и реконструкција. Овде министерот зборува дека само за 4 основни училишта се обезбедени пари.

Јас мислам дека и ова што го бараме, од 58.562 да се зголеми износот на 73.562 нема да ги задоволи потребите во основните училишта во државата, а камо ли пак да се сведеме само на реконструкцијата на 4 основни училишта. Сметам дека тоа е нешто минимум што мора да се направи за да се подржи овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Повелете министре имате збор.

**Никола Поповски:** Јас ја повикувам госпоѓата Бонева ако е толку загрижена за реконструкции на основните училишта да не дава амандман од 15 милиони денари, бидејќи ја уверувам дека со овој амандман освен што ќе добие збор да искаже загриженост, нема ништо друго да постигне. 15 милиони денари се 200 и нешто иљјади евра. Тогаш и советувам да даде сериозен амандман од околу 500 милиони за да ја постигне целта. Инаку да зборува дека треба сирте училишта да се реконструираат, а не само овие 4, а едновремено да поднесува амандман за само 15 милиони денари, делува малку цинично и апсолутно нема да ја постигне целта за која што го зборува и тоа што го предлага.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам .

Повелете госпоѓа Бонева имате реплика.

**Силвана Бонева:** Господине министре, овој Парламент не ме избра мене за министер за финансии и да најдам пари за подобрување на условите во образованието во државата. Ве избра вас.

Додека ВМРО-ДПМНЕ беше на власт, поправи огромен број училишта и изгради нови училишта. Ако сте вие заинтересирани за подобрување на

условите во основното образование, нема да оставите пратениците да наоѓаат од која ставка колку пари може да земат, за да може да ви укажат на тоа дека треба да се подобрат условите во кои учат нашите деца. Значи тоа е само можност да кажеме дека неопходно е потребно да се оделат средства, а вие сте тој што треба да најдете пари од таму од каде што може и колку што треба во оваа држава, не јас.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине министре имате збор.

**Никола Поповски:** Госпоѓо Бонева, како тоа ги изградивте сите училишта во вашиот мандат, а само после две ипол години барате 1 милијарда плус за образование по сите основи. Како тоа сите изградени и средени училишта од ВМРО-ДПМНЕ, одеднаш се сите руинирани, па барате дополнителни средства.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева една минута контра реплика.

**Силвана Бонева:** Почитуван министре, на тоа ќе ви одговорат граѓаните кои се сведоци на обновувањето на училиштата и градењето на нови училишта во време на ВМРО-ДПМНЕ, а сега не гледаат дека нешто се помрднува во оваа област. Нив ги убедете, не мене.

(реакции во салата поради тоа што претседателот и даде реплика од една минута на госпоѓа Бонева)

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, да ве прашам вие претходно имавте збор или реплика? Ве молам господине министре објаснете им на пратениците. Збор имавте. Според тоа немојте вие да ја водите седницата, почитувани пратеници.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Јас мислам дека ова е премногу сериозна тема за вака да се надмудруваме. Министерот до сега ниеден амандман не усвои, ни 500.000 денари не може да најде во овој буџет кој тој го предвидел и сега Комисијата за образование, наука и спорт, сигурно не е составена од опозицијата каде вие ги кажувате овие две основни училишта и 4 училишта кои ќе треба да бидат реновирани. Имавте ситуација во која 4 основни училишта, во текот на минатата година, јавно родителите кажаа дека не сакаат повеќе да ги пуштаат децата во овие училишта. Сега тука кажувате , јас се согласувам само со првиот дел и првата ваша реплика дека 15 милиони денари е апсолутно никаква сума, но вие не наоѓате за сходно ни тие 15 милиони или 250 илјади евра да ги најдете некаде во буџетот и да ги дадете за основното образование. Од друга страна министерот за образование кажува дека делот од она што не го завршил, поради неговите проекти и она што значи нов закон за буџети и реализирање на буџети, такви средства после 1 јуни се повлечен назад во Министерството за финансии. Сега ќе дојде ситуација кога вие едноставно утре ќе кажете , повторно опозицијата таму каде што победила и каде што има градоначалници, треба да ги направи тие основни училишта и цело време ќе мудруваме, а од друга страна училиштата остануваат ненаправени. Сега кој е тука попаметен, позицијата или опозицијата. Вие утре ќе бидете опозиција, ќе говорите дека направивте 100-тина училишта во Македонија, што никој нема да ги знае и повторно некој ќе ви верува. Затоа господине министре, кажавме, ова што го работите, буџетот треба да се работи цела година. Тоа што е приоритет да го издвоиме и да го направиме, а дали сте вие или некој друг, воопшто не е битно. Тоа е потреба за сите во Република Македонија , дали биле позиција или опозиција, апсолутно не е битно. Затоа најдете сила и доблест, ако некој побарал 15, вие дадете 45 милиони.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 10 гласале за, нема воздржани, 55 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 3, потпрограма 30, ставка 401 и Раздел 09002, Програма 2, потпрограма 20, ставка 489, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Гомолам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи на годишно ниво значи една милијарда денари повеќе за плати само во средно образование.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева, само немојте да ја повторувате дискусијата од основното образование. Бидете кратки.

**Силвана Бонева:** Немам намера да ја повторувам истата дискусија, само сакам да посочам на тоа дека со буџетот за 2005 година, во однос на оној од 2004 година, средствата за плати, наемнини и надоместоци за вработените се намалени за 18%, а со ребалансот е направена корекција во однос на стапката за плати која е зголемена само 9,4%. Буквално не е направено дури ни изедначување со буџетот од 2004 година. Значи оние пари што средното образование ги добивало во 2004 година, не ги добива денес, туку ги добива намалено скоро за 9%.

Сметам дека, од причините како што кажавте претседателе, кои претходно ги образложив, ако сакаме вистински да градиме еден нов реформиран систем на образование, пред се треба да го вратиме достоинството на

наставниците, а дури потоа да зборуваме за некакви реформи во образованието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 10 гласале за амандманот, нема воздржани и 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 3 за подпрограма 3 В ставка 482 и на раздел 09 002 Програма 2, под програма 20 ставка 426, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа. Тој е ист како и претходниот со истото образложение.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Повторно ќе кажам, можеби средствата овде што ги барам од 38 милиони на 53 да се зголемат, можеби не значат ништо. И во средното образование, меѓутоа, со Буџетот зза 2005 година е одлучено да се дадат капитални расходи за изградба на две средни училишта Никола Штејн и Зев Љуш Марку во висина од 55 милиони денари. А, капитални расходи за реконструкција на средни училишта во висина од само 38 милиони денари. Па, да ми објасни министерот бидејќи за две училишта се потребни 55 милиони денари, за реконструкција на колку средни училишта се потребни да стасаат овие 38 милиони денари ако јас ставам смешно мали суми, нели и ова е смешно мала сума од 38 милиони денари за реконструкција на средни училишта во цела држава Република Македонија. Да не дојде истата приказна како со основното училиште во село Моноспитово 3 години што зборувам за едно основно училиште и 3 години се лаже дека тоа основно училиште ќе биде завршено. Значи, навистина, оваа сума која што е дадена за реконструкција на средни училишта не одговара на потребите на средното образование во државата. Токму од овие причини барам амандманот да биде прифатен од 38 на 53 милиони денари да се покачи сумата. Можеби таа сума е симболична, но сепак значи уште едно училиште да биде реконструирано и еден огромен број на деца да имаат пристојни услови за работа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 11 гласале за, нема воздржан, 53 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 4, подпрограма 40 ставка 401 и на раздел 09 002 Програма 2, под програма 20 ставка 489, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

До сега имавме амандмани за основно и средно образование, сега е амандман за плати на Универзитетите во Скопје, Битола и Тетово да се зголемат. Од истите причини амандманот не го прифаќаме. Сакам да соопштам дека барем во високото образование во моментов никој зза платите не се буни.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Република Македонија е потписник на Болоњската декларација за високото образование и има обврска да ја олесни студентската мобилност и интерууниверзитетската соработка преку воведувањето на Европскиот систем за пренос на кредити, познат Европски кредит трансфер систем на државните универзитети на Република Македонија на македонските студенти им се овозможува своето образование да го продолжат или да го довршат на други универзитети во земјите кои што се потписнички на Декларацијата. Но, и покрај искрените напори на повеќе факултети за воведување на нови програми и наставни дисциплини изготвени во согласност со режимот на студирање кој го налага Европскиот кредит трансфер систем, се гледа дека Владата не покажува иницијатива, не покажува слух за анивните иницијативи, само декларативно стои зад својот потпис за Болоњската декларација. Зошто? На факултетите кои настојуваат да го реформираат режимот на студии според Европскиот кредитен трансфер систем, значително се зголемува ангажманот на наставничкиот и соработничкиот кадар, бидејќи според принципите кои ги наметнува Болоњскиот процес, наставата треба да се изведува во помали групи на студенти. Според тоа, престојувањето на високото образование во согласност со европските трендови е неможно без

кадровско освежување и доекипирање на домашните универзитети со асистенти и професори. Се настојува со овој амандман во овој момент да укажам, ако не не аминистерот, барем на пратениците да и укажат на Владата дека мораме да излеземе во пресрете на ургентнинте потреби на високообразовните институции, да се стимулира создавањето на современ и конкурентен човечки капитал, кој според сите принципи на економијата претставува најсилна детерминанта на економскиот растеж на земјата.

Буџетот за 2005 година предвиде зголемување од само 8% на ставката на плати и надоместоци во високото образование во однос на претходната 2004 година. Со оглед на тоа што се основа нов државен универзитет во Тетово, ова зголемување се однесува фактички на платите на наставниците од овој универзитет. Зголемувањето кое што го барам на ставката за основни плати и надоместоци во високото образование ја има предвид реформата која што треба да претстои на високото образование и треба со неа да се покријат зголемените трошоци што произлегуваат од преминот на Европскиот кредит трансфер систем. Реформираното високо образование ја зголемува флексибилноста на програмата која што треба да биде остварена во универзитетите, универзитетските акти предвидуваат барем една третина од наставните предмети да бидат изборни. Тоа значи дека за една третина од студиската програма се нудат не еден, туку најмалку два предмети, од кои студентите можат да го направат својот избор. Изборноста, исто така, ја зголемува потребата од наставници.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, навистина, нема потреба Болоњскиот документ да ми го објаснувате сега овде.

**Силвана Бонева:** Па, господине претседателе, како да ја кажам потребата од зголемување на ставката за плати во високото образование ако не кажам зошто е тоа потребно. Зошто ќе се зголеми бројот на наставници.

**Љупчо Јордановски:** Молам, барем Болоњскиот процес го разбирам, а ова што вие го зборувате подобро е да поднесете амандман и министерот да дозволи повеќе вработени професори, а не да се качуваат платите.

**Силвана Бонева:** Токму така, за бројот на професорите цело време укажувам зошто се потребни овие средства. За зголемениот број на професори во високото образование.

**Љупчо Јордановски:** Тоа не значи и дека ќе се вработат нови професори. Ова е амандман за покачување на плати и надоместоци.

**Силвана Бонева:** За зголемување на ставката за плати и надоместоци, која што е внатре вметната во Буџетот.

**Љупчо Јордановски:** Но, тоа по автоматизам не значи нови вработувања. За Болоњскиот процес се потребни нови вработувања и нови професори, ако веќе зборуваме за помали групи. Затоа, ве молам, образложете го амандманот.

**Силвана Бонева:** Изборноста, почитуван претседателе, на предметите која што им се дава како можност на студентите ја зголемува потребата од наставници, а и друг наставен персонал.

**Љупчо Јордановски:** Меѓутоа, тоа не го прави овој амандман. Во тоа е проблемот.

**Силвана Бонева:** Да, тоа го прави овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Не го прави тоа овој амандман.

**Силвана Бонева:** Ние бараме зголемување на ставката, ставка која што е така нагласена, основни плати и надоместоци, сметам дека и тоа нема од далеку да ги покрие трошоците на високо образовните установи, кои што се условени од големиот обем на работа на реформираното образование во Република Македонија. Токму заради тоа сметам дека треба да има поддршка овој амандман од колегите од парламентрното мнозинство, а посебно пак оние како вие што го разбираат Болоњскиот процес.

**Љупчо Јордановски:** Многу добро го разбира и затоа нема да го поддржам амандманот.

**Силвана Бонева:** Е, браво.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој повеќе нама пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 10 гласале за, нема воздржан, 53 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 5, подпрограма 50 ставка 464 и на раздел 09 002 Програма 2, под програма 20 ставка 489, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа. Не може да се намалат средствата кои се со закон обезбедени за покривање на загубата, а и средствата кои се бара да се зголемат, не можат по тој основ да се зголемат, како што се предлага во амандманот. Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Ако почитуваниот министер има разбирање дека не треба повеќе да се кратат средства од ученичкиот стандард, сигурно ќе

најде место и можност од каде да ги зголеми средствата кои што се предвидени за ученичкикот стандард. Бидејќи најмалку некаде каде што треба да се крати, тоа е ученичкиот стандард, во два наврати средствата кои што се наменети за ученички стандард постојано се намалуваат. Иако, добро знаеме за која категорија на ученици е наменета оваа ставка, дури и ако се неправилно буџетирани овие средства и ако е оценка на Владата дека ќе останат неискористени, тогаш зошто однапред се скратува можноста да се зголеми финансиската поддршка за учениците кои стартуваат од следната учебна година во септември. Сметам дека треба да биде прифатено зголемувањето од 125 илјади на 145 илјади и со тоа барем малку да покажеме добра волја дека имаме намера да го поддржуваме ученичкиот стандард.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 10 гласале за, нема воздржан, 54 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма 6, подпрограма 6А ставка 482 и на раздел 09 002 Програма 2, под програма 20 ставка 426, поднесен од пратениците Илија Китановски и Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не се прифаќа. Тој е истиот од серијата на претходните амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева повелете.

**Силвана Бонева:** Белки овој амандман ќе биде поддржан од страна на Парламентарното мнозинство. Сметам дека пред да се притисне гласачкото копче треба да се размисли во какви услови живеат студентите, колкав е годишниот пораст на студентската популација и дали ние како Парламент на оваа држава не треба да направиме нешто да ги зголемиме средствата за реконструкција на студентските домови. Доста е во два студентски домови во Скопје да се влезе, да не зборуваме во другите во државата, за да се види во какви мизерни услови живеат студентите во оваа држава и дали можеме да очекуваме дека овие наши млади луѓе кои располагаат со огромен интелектуален потенцијал, незаслужуваат малку подостоинствени услови за живот, за престојување во овие студентски домови. Сметам дека сумата која што ја бараме, износот од 5 илјади да се замени со износот 20 илјади денари е многу малку во однос на неопходноста на потребата од реконструкција на студентските домови, меѓутоа, ќе значи многу повеќе отколку 5-те илјади што се дадени во Буџетот. Значи, бараме поддршка за зголемување на средствата во Буџетот за 15 илјади и вкупно средства кои што треба да бидат наменети за реконструкција на студентските домови и создавање услови за пристоен живот на студентите, барем во еден или во два дома да биде овозможено од страна на овој Парламент и да дадеме една надеж дека со Буџетот кој што следува во идната година, ќе имаме малку повеќе волја да создадеме услови и другите домови да бидат реконструирани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, очекував како што ги предупредивте предлагачите на овие амандмани, истото да го упатите и кон министерот за финансии, но тоа не се случи. Тоа значи да смени нешто во своето размислување и ова што го препишува за опозицијата, едноставно да види дека не е така, затоа што ако тој кажува дека 15 милиони се ништо пари, како предвидел пет милиони за реконструкција на студентски домови. И, сега, што е 5 милиони? Тоа треба да биде боја, треба да биде дрво или незнам што и како ќе промените дел од студентските домови. Студентскиот стандард предходно повторно предвидени 125 милиони, но затоа капитални субвенции за претпријатија и невладини организации милијарда и 220 милиони. Тука можете да предвидите, значи невладини организации да земаат од Буџетот на Република Македонија милијарда и 220 милиони и од тие не можете да најдете ни 20 милиони, не можете да најдете тука ни 15 милиони, аплсолутно ништо не најдовте. За вас апсолутно ова не е ништо, се е во ред и 5 милиони се многу повеќе отколку некој што бара 15 милиони и покрај тоа, како што кажавте, изненадете не, најдете 50 или 100 милиони и направете нешто. Формиравте нов универзитет и она каде што живеат студентите се распаѓа. Како мислите, да почнат сами студентите да градат ѕидарски задруги или преку овие да не ги укинуваме повеќе студентските задруги, па преку летото да ги ангажираме за овие 5 милиони со надница од 200 денари да си работат сами и да си ги направат студентските домови. Мислам дека тие времиња поминаа, ако било добро, добро било во еден друг систем, но сега по сите ваши согледувања како вие понатаму го гледате развојот и колку сите заедно со претседателот полагаме на Болоњската конвенција и на нашите студенти кои утре треба да ја носат оваа држава на свои плеќи, од друга страна оставаме да живеат во никакви услови, да студираат кој каде ќе стигне и како ќе стигне и после тоа тие да бидат проблемот во државава. Затоа, господине

министре, овие 5 милиони подобро и д ги нема во овој раздел, а знаат луѓето дека можат да бараат некои донации, субвенции или да почнат да молат по претпријатија или невладините организации на кои што вие им дадовте милијарда, па можеби тие ќе им префрлат пет милиони денари. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 10 гласале за, еден воздржан, 51 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма А подпрограма А2 ставка 442 и на раздел 09 002 Програма А, подпрограма А0 ставка 441, поднесен од пратениците Абдулаќим Адеми, Ејуп Рустеми и Хусеинџеват Хусеини.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Претседателе, само за да нема забуна, амандманот поднесен од Адеми, Рустеми и Хусеини не се прифаќа. Тој не се прифаќа, затоа што дотациите, трансферот на ДДВ утврден со Законот за финансирање на локалната самоуправа во висина од 3% од ДДВ и не може да се менува.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Господине Адеми имате збор.

**Абдулаќим Адеми:** Благодарам господине претседател.

Ќе се порудам накратко да ги образложам причините зошто сме го поднеле овој амандман, кој е во однос на децентрализзацијата во образованието. Ние и како Влада сме се потврдиле за процесот на децентрализација и овој процес од друга страна е и еден услов кој треба да се оствари за интеграцијата на Република Македонија во Евроатланските структури. Додека, врз основа на инфорамциите и врз основа на реакцијата на заедниците на локалната самоуправа, средствата кои се предвидени како дотации за пренесување на надлежностите во областа на образованието се пониски, значи се намалени. Затоа, овој процес на децентрализацијата во областа на образованието може да се стави и под знак прашалник и да тече со потешкотии. Затоа, ние се трудиме преку овој амандман да се обезбедат финансиски средства и да имаме една основа за една што поуспешна децентрализазција во областа на образованието. Овде го имам предвид фактот дека единицата на локалната самоуправа реагираше и во средбата што ја имаше со министерот за образование, која беше јавна средба, но и преку средствата за информирање дека средствата за децентрализација во областа на образованието не се доволни. Затоа интервениравме со амандман со цел да се помогне во оваа област.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 14 за амандманот, 4 воздржани, 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот,

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 Програма А Потпрограма А2 ставка 442 и на раздел 09002 Програма А Потпрограма А0 ставка 441, поднесен од пратениците Агим Џелили, Недим Рамизи и Селвије Салиу.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој амандман е ист како претходниот самоподнесен од други пратеници со малку поинаков износ на средства.

Јас ќе повторам дека со Законот 3% од ДДВ се двојат за единиците на локалната самоуправа како трансфер.

Доколку овој амандман го усвоиме, ние ќе треба да одвоиме,спротивно на Законот, 4% од средствата од ДДВ за трансфер во единиците на локална самоуправа и затоа амандманот не можам да го прифатам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не е пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, 11 за амандманот, 4 воздржани, 45 против амандманот.

Во салата се присутни 68 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да гласаме предлагам за Предлогот на Буџетот да гласаме во целина, освен за разделот 31101 наменет за Народниот правобранител за кој Собранието, согласно член 48 став 3 од

Законот за Народниот правобранител, гласа посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 59 гласале за, нема воздржани, 8 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на гласање.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 58 гласале за 6 воздржани, нема против.

Констатирам дека разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 68 гласале за, нема воздржан, 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2005 година со буџетите за 2005 година на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Заклучокот ќе го прочита потпретседателот. Повелете.

(Во 16,07 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Заклучокот е следен:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 68 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 71 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени нза збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеника, 66 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси.

Процедурално бара господинот Чедомир Краљевски.

Повелете господине Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Потпретседателе, во името на Пратеничката група на ВМРО-Народна партија барам 20 минути пауза заради дополнителни консултации.

**Слободан Најдовски:** Давам пауза од 20 минути,продолжуваме во 16,30 часот, по барање на Пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

(Пауза од 16,10 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот).

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа по **четвртата точка од дневниот ред- Предлог на закон за железници.**

Молам пратениците да седнат на своите места.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 точка 32, член 6 ставови 2,5 и 8, член 7 став 1, член 8 ств 1 и на став 2 точка 1, член 9 ставови 1 и 2 и на член 10 став 4, член 12 ставови 2,3,6 и 10, член 15 став 9, член 17 став 1 за додавање нова трета реченица во втората реченица и на ставовите 3,4 и 6, член 20 став 2, член 21 став 4, член 24 ставови 1 и 2, член 28 став 1, член 31 став 1 за менување на точка 3, член 41 став 5, член 43 ставови 2 и 13 и за менување на став 7, член 44 за додавање нова втора реченица, член 46 став 3, член 49 став 1 точка 1 и на став 4, член 51 став 2, член 55 став 2, член 56 став 1, член 57 став 2, член 58 став 2 во втората реченица, член 59, член 60 став 1 за менување на алинејата 6, член 67 ставови 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, член 68, член 70 став 1 точки 2 и 11 и за бришење на точката 9, член 71 став 1 точка 5, член 74 став 2, член 75 и на член 76 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се соствен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 6 ств 3 точка 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Томе Тромбев поднесе амандмани на член 8 став 1, член 10 за додавање нов став 5 по ставот 4, член 16, член 17 став 1, член 23, член 29 став 1 и на член 56 став 3 за додавање нова точка 5 по точката 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев поднесоа амандмани на член 6 став 3 за бришење на точка 3, член 6 став 3 точка 6, член 8 став 1, член 8 став 2 точка 1, член 11 став 2, член 12 став 2, член 17 став 5, член 31 став 5, член 33 за менување на став 4, член 40 став 1, член 43 за менување на став 7, член 43 став 9 и на член 49 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски и Спиро Мавровски поднесоа амандман на член 26 за бришење на став 3 и за додавање три нови ставови 3,4 и 5, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Спиро Мавровски поднесоа амандмани на член 49 за додавање нов став 8 по ставот 7, член 50 за додавање два нови ставови 3 и 4 по ставот 2 и на член 54 за додавање четири нови ставови 2,3,4 и 5 по ставот 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 за бришење на точка 3, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го млам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа, стечајната постапка не е исто што и способност да се исполнуваат финансиски обврски во период од 3 до 12 месеци. Така да треба да стои точката 3 и точката 5 во ставот 3 на членот 6.

**Слободан Најдовски:** Амадманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Цветле Јаневска.

Повелете госпоѓа Јаневска.

**Цветле Јаневска:** Амандманот како што е предложен се однесува на членот 6 кој ги регулира условите за добивање дозвола за јавен превоз и сметаме дека и вака како што стои пред се амандманот не треба да стои и техничка грешка е, ако не е во тек стечајна постапка, меѓутоа, и таков да е , предлагам да се брише, затоа што се оптоварува само текстот, бидејќи условите за добивање дозвола за јавен превоз се многу добро дефинирани, токму во членот 6 став 3 точка 5.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Љупчо Балковски.

Повелете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Господине потпретседателе јас го поддржувам овој амандман од причина што за дозвола за јавен превоз цитирам... "за добивање на дозвола од став 1 од овој член, правното лице мора да ги исполнува следните услови". Третиот услов за исполнување е дека правното лице мора да биде во тек стечајната постапка, без разлика што е објаснувањето дека тоа не е така, меѓутоа, не може бидејќи горната реченица за добивање на дозвола од став 1 од овој член, мора да ги исполнува следните услови.

**Слободан Најдовски:** Ќе ве молам господа пратеници, воопшто не се слуша што зборува господинот Балковски, за да можеме да го следиме и за да можеме да ја завршиме точката.

Продолжете господине Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам. Значи, амандманот како што кажа и пратеничката, се поднесува на став 3 за бришење на точка 3, затоа што не може во еден закон да биде напишано следново: за добивање на дозвла од став 1 од овој член правното лице мора да ги исполнува следните услови. Во сите овие осум услови, во третиот услов е наведено дека ако е во тек стечајната постапка, тогаш правното лице исполнува услов за да му се дозволи вршење на услуга на јавен превоз. Ако не е во стечајна постапка, тогаш правното лице не може ниту да кандидира за добивање на дозвола. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Драган Ѓорѓиев.

Повелете господине Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина сметам дека е потребно да добиеме одговор од заменикот министер. Најпрвин беше бришење на оваа точка од член 6 став 3, меѓутоа иако не се брише во законот стои еден од условите, значи техничка грешка, ако е во тек стечајна постапка. Јас не гледам амандман

ниту од ЗПК, ниту од пратениците кој што барем врши исправка, ако не е во тек стечајна постапка. Ако ова помине нема да има можност наредната недела или за 10 дена, ќе мора предлагачот да врши исправка.

Значи барам одговор и ако ова не помине, кој ќе поднесе амандман, или до крајот на претресот да имаме, ако не е во тек стечајна постапка, иако во точка 5 од истиот став веќе е опфатено тоа. Меѓутоа, ако тоа не го прифаќа предлагачот, да го регулира тоа што е техничка грешка. Не да биде услов да биде стечајна постапка, туку да не е. Не гледам од амандманите поднесени од било кој од предлагачите да има вакви исправки. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:**На седницата на Комисијата за транспорт и врски беше увидена печатна грешка, при отчукувањето на финалниот текст што беше испратен од Собрание и со право беше замерката, забелешката дадена од пратеникот Драго Шајноски. Значи се работи за техничко испуштање на зборчето "не". Значи ако не е во тек стечајна постапка.

**Слободан Најдовски:** Господине Кошутиќ значи останувате на тоа дека амандманот не се прифаќа. Имате ли поправено во текстот на амандманот или немате?

Повелете господине Кошутиќ. Останувате ли на ставот дека амандманот не се прифаќа и тоа сте го исправиле технички.

**Дејан Кошутиќ:** Ние амандманот го одбиваме, затоа што сметаме дека треба да остане точката 3 од ставот 3, меѓутоа, техничката грешка е исправена, односно онака како што е прочистениот текст на Владата, дека ако не е во тек стечајна постапка.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски;

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Господине министре, тоа што е исправено, вие требаше да го кажете и да биде овде со амандман донесено. И јас се согласувам со вас во однос на овој амандман што е предложен. Но исто така, дефинитивно стои дека треба да стои зборчето "не". Значи ако не е во тек стечајна постапка. И тука завршува приказната. Мислам дека тоа требаше амандмански. Вака овој текст што го имаат сите пратеници, апсолутно ништо не добиваме. Вие го поправивте технички можеби кај вас, ова што е тука можеби и во законот треба да се проследи така. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Томе Тромбев.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Господине потпретседателе јас се јавувам во својство на Комисијата за транспорт и врски и за овој амандман конкретно Комисијата има поднесено свој амандман со кој што претставникот на Владата на седница на Комисијата се согласи. Така да, тој е составен дел од текстот. Би го замолил предлагачот да го повлече овој амандман, бидејќи е беспредметен.

**Слободан Најдовски:** Дами и господа пратеници, затоа велев јас на почетокот кога ги читав амандманите да се сослушаме. Во оној дел кога јас го прочитав стои вака: Комсијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 6. Ве молам да се сослушаме сега, бидејќи амандманот ви е усвоен, само на друго место. А тоа го прочитавме на почетокот. Комисијата за транспорт, врски и екологија поднесе амандман на член 6 став 3 точка 3, со кој се согласил претставникот на Владата и кој е составен дел од текстот на Предлогот на законот. Вие имате исто така поднесено во член 6 став 3 точка 3 се брише. Тоа е истото. На вас останвуа дали ќе го повлечете или не. Тогаш со оглед на тоа што нема повеќе пријавени за збор, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Гласале 61 пратеник, 7 за амандманот, 1 воздржан, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 точка 6, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Јаневска повелете.

**Цветле Јаневска:** Амандманот се однесува исто така, на членот 6 став 3 точка 6, каде што го имплицира високиот степен на сигурен превоз, што треба да го обезбеди правното лице, за добивање јавен превоз. Тој висок степен на сигурен превоз, не треба да се врзува само со бројката два работника по воз. Тоа сметам дека е една поголема проценка и затоа последните зборови од реченицата, предлагаме да се бришат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амanданот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеника, 7 гласале за, 2 воздржани, 41 против.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, бидејќи има измена на овој член од страна на Законодавно-правната комисија, го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете.

**Дејан Кошутиќ:** Ист е ставот како и претходниот. Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 8 за амандманот, нема воздржани, 51 против амандманот.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2 точка 1, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Тромбев повелете, имате збор.

**Томе Тромбев:** Со овој амандман сакав да се запази принципот кој што е утврден во член 12 став 1, меѓутоа, со оглед дека не е прифатен, го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 2, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Преиспитување на издадена дозвола, не е надлежност на Агенцијата, туку Агенцијата сама ќе го извести надлежниот орган од земјата која ја издава дозволата дека постои сомнеж дека превозникот не ги исполнил условите за вршење на дејноста.

Со тоа амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

**Цветле Јаневска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот го повлекувате. Без разлика на тоа, јас велам дека амандманот не е прифатен, бидејќи кажав кој бара збор и имавте време да се пријавите.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот.

Повелете господине министре.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 5, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Тромбев имате збор.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе овој амандман го предложив од причини што алтернативата што се дава во предложениот текст, не е реална во современиот сообраќај, особено од аспект на безбедноста на сообраќајот. Меѓутоа, со оглед дека не е прифатен, а во наредна фаза ќе се носи закон за безбедност во железничкиот сообраќај, го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за бришење на став 3, за додавање три нови става 3,4 и 5, поднесен од пратениците Цветле Јаневска, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Балковски и Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за додавање на став 4, поднесен од пратениците Цветле Јаневска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Бидејќи станува збор за преуредување, или преместување на инсталации, поради спроведување на заштитни мерки на инфраструктурата и на сообраќајот, или од други причини цитирани во ставот 3, а кои инсталации се сопственост на правното лице и физичкото лице кое добило согласност за изместување или преуредување од страна на управнителот, логично дека сопственикот на инсталации ќе ги понесе трошоците за преуредување и преместување. Затоа, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 8 гласале за, 2 воздржани, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40, став 1 поднесен од пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за менување на став 7 поднесен од пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Дејан Кошутиќ:** Веќе е усогласено со Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија и ќе гласи: Со инфраструктурните капацитети не смее да се

врши трговија. И затоа амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој гара збор?

Има збор Цветле Јанеска.

**Цветле Јанеска:** Со оглед на тоа што Законодавно-правната комисија дала амандмани, го повлекуваме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 9, поднесен од пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 3, поднесен од пратениците Цветле Јанеска и Драган Ѓорѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа бидејќи е преземено од Законот за концесии.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Драган Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Овде очигледно има грешка. Во членот 49 за добивање на концесија, односно за изградба на нова железничка инфраструктура и за управување со дел, или со целата постојна железничка инфраструктура е предвидено покрај правни и физички лица да можат да добиваат концесија. Тоа е од Законот за концесија. Меѓутоа, во овој Закон почнувајќи од членот 4 кој што е прв член после дефинициите предвидено е управувањето, изградбата, реконструкцијата итн, да го врши јавно претпријатие за железничка инфраструктура, или друго правно лице. Значи, овде немаме предвидено вршење на оваа дејност. Ова е суштински амандман и сметам дека ќе биде грешка доколку не биде прифатен.

Понатаму, во членот 49 став 3, предвидува концесијата се добива на подносител на барање кој што мора да има дозвола за управување со железничка инфраструктура и решение за безбедност. Поназад во истиот член оваа дозвола, или решение исто така е предвидено да имаат правни лица. Значи, имаме двојност, овде му даваме на физичко лице кое што има дозвола за безбедност и дозвола за управување, а оваа дозвола можат да ја имаат само правни лица. И понатаму во членот 6 став 3, точките 1, 3, 4 и 5 кои што треба да бидат исполнети, односно концесионерот треба да ги задоволува, исто така е предвидено правно лице да може да ги исполнува овие точки. Тоа значи дека во три члена во овој закон за да биде концесионер мора да биде правно лице. Ако остане физичко лице, покрај тоа што одговорноста за управување и градење на железничка инфраструктура е огромна , нема да бидат задоволени овие три члена од овој закон каде што ќе мора да се интервенира во делот и правни лица да можат да ги вршат овие одредби.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 17 за, 2 воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 за додавање нов став 8 по ставот 7, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа бидејќи веќе е прецизирано во Законот за концесии кој може да учествува на тендерот за концесија, услови за концесионерство и условите за одземањето на концесионерство.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе, без разлика што во делот за концесии и за градење на нова железничка инфраструктура, или за управување е во согласност со Законот за концесии, сепак мислам дека треба во членот 49 после ставот 7 да се додаде нов став 8 кој гласи дека концесијата се дава на основа на спроведен меѓународен тендер и одлуката за меѓународниот тендер ја донесува Владата на Република Македонија затоа што имаме многу други работи што се исто така и со овој закон содржани и во Законот за железници и во Законот за концесии. Мислам дека ова не треба да се испушти во овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 12 за, 1 воздржан, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 за додавање два нови ставови 3 и 4 по ставот 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Спиро Мавровски.

Гомолам претставникот на Владата да се произнесе.

**Дејан Кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Љупчо Балковски:

**Љупчо Балковски:** Со овој амандман всушност се допрецизираат членовите за издавање на концесија на железничките пруги и сепак би требало во членот 50 да има еден став каде што се кажува одлуката за концесија што содржи и наброени се сите тие работи кои што треба да ги содржи таа одлука, затоа што неможе во Закон за железници каде што се зборува за концесија ние да не знаеме што содржи таа одлука. Значи, одлуката за концесија мора да содржи услов и време на траење на концесијата. Потоа треба да содржи податоци за железничката инфраструктура која се дава на управување , попис на објектите кои се даваат на железничката инфраструктура во однос на концесијата и надоместок кој ќе се плаќа за концесијата. Значи, сите овие работи се услови, односно одлука за концесија и таа треба да ги содржи овие услови.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Мислам дека многу повеќе внимание министерот требаше да посвети на ова. Претходниот амандман така едноставно е отфрлен затоа што има Закон за концесии и секогаш ќе се повикаме на тој Закон за концесии каде што се регулирани многу други права освен ова што е директно право за железниците. Ова што тука го кажуваме мислам дека ги допрецизира ставовите кои што се однесуваат токму за делот на железницата во која што вие говорите за условите на концесија во член 49 став 2, за кој што кажувате на кој начин се прави концесијата каде што имавме и друг предлог за кој што очекував дека ќе дадете амандман и ќе кажете дека концесијата ќе треба да ја одобри Собранието, но тоа по текстот на законот. Во овој случај мислам дека апсолутно не менува ништо, само допрецизира одредени услови кои што не се дадени со законот и го подобрува текстот на членот 50. Апсолутно ништо не променува и мислам дека е многу подобро и постандардно за секој оној што ќе склучи договор за концесија да ги знае правата и условите под кои што го прави тоа истото. И очекував дека ова ќе го прифатите.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 9 за амандманот, нема воздржани, 51 против.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 за додавање четири нови ставови 2, 3, 4 и 5 по 1 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Драго Шајноски и Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнење.

**Дејан Кошутиќ:** Бидејќи и претходните 2 амандмани беа врзани за ист дел од Законот, едно кратко објаснување на барање на почитуваниот пратеник Мавровски. Значи принципиелно ние не сме против да се допрецизираат условите за концесија. Меѓутоа, бевме водени од сугестиите и препораките на експертите. Второ, од анализата и искуството на сите законски решенија кои се донесени во изминативе 2, 3 години во земјите на југоисточна Европа каде што е извршена трансформација на државни железници. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Кошутиќ вие го пропуштивте времето да одговорите на претходниот амандман. Дали овој амандман го прифаќате, или не го прифаќате?

**Дејан кошутиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Амандманот се предлага на членот 54 кој гласи: концесијата престанува да важи на начин и под услови предвидени во Законот за концесии и други случаи предвидени со договорот за концесија. Се обидовме со претходниот амандман за кој што пред малку говорев да ги определиме тие предвидени договори за концесии каде што ќе се назначи што и како се дава под концесија и под кои услови. Со членот 54 по ставот 1 додаваме четири нови става кои гласат: концесијата може да се одземе, ако овластениот концесионер во одреден рок не изгради градба за кој му се дава концесијата, ако овластениот концесионер не се придржува на одредбата на овој закон, како и на прописите за спроведување и не ги спроведува условите за концесијата, ако овластениот концесионер не ја искористи концесијата, или ја искористува за работи за кои не му е дадена , или преку услови одредени во концесијата, ако овластениот концесионер без одобрување изврши работи кои не се предвидени, или се спротивни од одобрениот проект и ако овластениот концесионер ненавремено го плаќа надоместокот за концесијата.

Ставот 3 гласи: во случаите од став 1 на овој член ќе се повика овластениот концесионер да се изјасни во одреден рок за причините поради кои треба да му се одземе концесијата и ако се одземе концесијата, став 4, од причини кои се утврдени во ставот 1 на овој член, односно се раскине договорот, овластениот концесионер нема право на надоместок за раскинување на договорот. Одлуката за одземање на концесијата ја донесува давателот на концесијата.

Амандманот се предлага поради допрецизирање на условите за давање на концесија. Тоа се обидовме да го направиме и со претходните два амандмани. И мислам дека апсолутно не го оптеретуваше текстот и апсолутно ќе беше се коректно да бидат внесени сите во текстот на законот. Но, без разлика кој што прифатил, мислам дека ова требаше да биде составен дел од законот.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Љупчо Балковски.

**Љупчо Балковски:** Благодарам претседателе. Значи, ние сакаме да го дообјасниме членот 54, затоа што тој е само со една реченица која гласи дека концесијата престанува да важи на начин и под услови предвидени во Законот за концесии и други случаи предвидени со договорот за концесија. Значи освен што имаме ние Закон за концесии, овде се кажува дека и други случаи предвидени со договорот за концесија. Не може договорот за концесија да биде појак од Законот за железници. И затоа треба во Законот за железници да се стави дообјаснување на овој член 54 каде што ќе се кажат под кои други услови може да се прекине концесијата.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 15 гласале за амандманот, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 3 за додавање нова точка 5 по точка 4, поднесен од пратеникот Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Дејан Кошутиќ:** Новината која се воведува со овој закон е национална петгодишна поместувачка програма која на предлог на Владата на Република Македонија ја ревидира Собранието на Република Македонија и ќе се овозможи долгорочен континуитет во планирањето на средствата за оваа намена. Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Томе Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе. Овој амандман се однесува на членот за финансирање на железничката инфраструктура, особено на средствата за финансирање на реконструкција, ремонт, одржување и заштита на железничката инфраструктура. Во овој член дадени се пет основи за финансирање, особено две се реални. Меѓутоа, средствата кои што се собираат се многу малку, околу 160 милиони. Затоа се предлага овој амандман преку акцизата, еден денар од акцизата да се финансира железничката инфраструктура. Меѓутоа, со оглед дека не е прифатен од страна на Министерството, јас го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор?

**Љупчо Балковски:** Почитувани пратеници, почитуван замени министер за транспорт и врски. После долго време го добивме Предлогот на законот за железници. На почетокот би кажал дека овој закон ќе се усвои, затоа што како концепција е добар и навистина во железничкиот систем ќе придонесе за развој на железниците и на железничката инфраструктура која што сите ние сакаме да ја постигнеме. Меѓутоа, уште на почетокот треба да ни биде јасно дека овој закон воопшто нема да го поправи работењето на јавното претпријатие Македонски железници, ниту сите очекувања од вработените во Македонски железници дека ќе се решат со овој закон затоа што и овде треба да се проговори многу јасно за тоа . Овој закон е дел од целокупната акциона програма што заедно Министерството за транспорт и врски и Светската банка ја одредуваат во насока каде што ќе се движат железниците како во Република Македонија и во поширокиот регион од Балканскиот полуостров. Така што овој закон ќе се види допрва како ќе профункционира во Република Македонија , затоа што како што кажав како концепција е добар, меѓутоа има неколку членови каде што можеме навистина да дојдеме до проблеми. Јас мислам дека тука многу ќе се комплицира целокупната постапка во однос на Јавното претпријатие Македонски железници.

Во организација на железничкиот систем во Република Македонија се кажува во член 3, дека железничкиот систем утврден со овој закон се темели на начелото на одвојување на железничкиот превоз од железничката инфраструктура. Не може целиот закон и целото начело на железничкиот систем да се темели само на вакво одвојување. Значи, имаме неколку постапки кои што се објаснуваат во други закони од други држави кои што исто ова го имаат поминато во однос на железничките системи, односно железничките состојби во државите кои што се наоѓаат во транзиција на железничкиот систем. И не е само ова начело дека се темели на основа на железничкиот систем во Република Македонија. Меѓутоа, во ред, овој закон е така оставен . Не се усвоија некои од амандманите кои можеби ќе допринесеа да се објасни овој член. Исто така, во член 4, односно во член 3 став 4 каде што се кажува дека управувањето, изградбата, реконструкцијата како дејности од јавен интерес ги врши Јавното претпријатие за железничка инфраструктура, или друго правно лице на начин и под услови утврдени со овој закон. Точно оваа точка 4 од овој член 3

едноставно ќе доведе до толкави проблеми во функционирање на Јавното претпријатие каде што и понатаму, ќе кажам со некои други членови во однос на управител на инфраструктурата, така што бидете сигурни дека воопшто нема да претставува никакво олеснување овој закон во однос на функционирањето на Јавното претпријатие Македонски железници.

Можеби беше подобро воопшто јавното претпријатие за железничка инфраструктура, ако тоа се спомнува, да не стои друго правно лице на начин и под услови утврдени со овој закон, затоа што ќе се доведеме во ситуација да во моментов, сега, целото управување на железничката инфраструктура ја дадеме на јавното претпријатие за железничка инфраструктура, а после, кога ќе сакаме некој друг да донесеме во однос на друг управувач, како правно лице, дали со концесии или други начини, затоа што не утврдивме на каков начин концесијата ќе се усвои, ќе имаме проблем со јавното претпријатие.

Како ќе се одвојат тие работи? Дали ќе им ги одземеме ние на јавното претпријатие за железничка инфраструктура сите тие работи што сега ги стопанисува и ако ги одземеме врз основа на што? Дали само што ќе сакаме да го дадеме тоа на управување на друга железничка инфраструктура, односнои на друго правно лице или пак јавното претпријатие за железничка инфраструктура не ќе биде способно да ја врши таа работа. Во законот тоа го немаме доволно објаснето. Мислам дека со законот барем малку требаше да се објаснат тие работи, затоа што во договорот ќе имаме големи проблеми во однос на концесионерот за управување со железничката инфраструктура на кого ќе ја дадеме таа работа.

Потоа, во членот 4, се објаснува железничкиот превоз на патници, мислам дека во сите овие работи се малку поопширни во Република Македонија. Можеби законот гледа малку понапред, па имаме сега и градски превоз. Ние немаме железнички превоз во Република Македонија, а овде ставаме градски превоз за подрачје на некој град, дека ќе се одвива со железници, па потоа имаме и приградски превоз, па потоа имеме и регионален превоз, каде што објаснуваме што тоа значи. А, во Република Македонија знаеме колкава е должината на железничките пруги. Така што по однос на ова, немаше потреба за толку долги дообјаснувања, затоа што наша првенствена задача е да профункционира Коридорот 10 и Коридорот 8 во однос на железницата. Инаку, за приградски, за градки превоз на железници, мислам дека уште многу пати ќе ги смениме законите отколку сега тоа да го поставуваме.

Членот 6, каде се дава дозвола за јавен превоз, мислам дека воопшто, еве, ќе дојдеме и до Регулаторното тело, односно Агенцијата за железнички транспорт и сообраќај, ако, односно сега се усвои, откако ќе се формира Агенцијата за транспорт, мислам дека сите надлежности на Министерството за транспорт и врски во однос на железниците треба да бидт одземени. Едноставно, во ингеренциите на Министрството за транспорт донесен е овој закон. Воопшто не треба да постои дека ќе има ингеренции во однос на железничкиот транспорт затоа што сите работи ќе ги врши Агенцијата за железнички сообраќај и транспорт.

Не може дозволата за јавен превоз во една држава да не ја дава Министерството, туку да дава некоја агенција која нема да одговара ниту пред Министерството. Тогаш зошто Министерството за транспорт, со назив транспорт и врски ќе има ингеренции во однос на железницата? Нема потреба. Дајте, автоматски да го избришеме и во однос на ингеренциите на ова министерство. Затоа што ќе имаме до толку комплицирање на целокупната постапка, па затоа кажав дека всушност ќе ги комплицира и сите други работи. Меѓутоа, ќе видиме како ќе тече во иднина спроведувањето на овој закон и како ќе биде односот помеѓу јавното претпријатие за железничка инфраструктура сега, друг некој управител, што ќе ги одземеме условите од јавното претпријатие па ќе му ги дадеме на друг, без никаков објаснет начин зошто ќе му се земе тоа. Па сега ќе имаме Регулаторно тело, па ќе имаме Министерство за транспорт и врски, а ниту еден однос помеѓу нив, три или 4 субјекти, воопшто нема да бидат дефинирани. Секој ќе си прави како што сака во однос на железничкиот сообраќај.

Да не ги набројувам другите точки во однос на член 6. Мислам дека треба да бидат дообјаснети, затоа што не може после, во однос на сите други подзаконски акти да бидат објаснети некои членови што не биле објаснети. Подзаконскиот акт е всушност еден технички дел како да профункционира законот а не да го дообјаснува законот. Ако го дообјаснува законот, требаше да ја ставиме во законот оваа работа.

Сега, кажуваме дека, да се даде дозвола за обавување на дејност - јавен превоз, железнички јавен превоз, а од друга страна во истиот тој член кажуваме дека дозволата од став 1, не е доволен услов да превозникот има право на пристап на железничката инфраструктура. Па, дајте да ја упростиме работата. Ако е ова, кажувам неколку пати, дури и во други закони од други држави, каде што се поддржани вакви одредби, ако веќе имавме контакти со Светска банка и со други консултанти, требаше да направиме да ги дообјасниме, односно да ги упростиме сите работи. Нели цело време зборуваме како да се намалат и времетраењето и сите услови за добивање на дозволи, а сега само ја докомплицираме целата работа. Значи, освен дозвола, треба да се бараат и некои други работи, што е во ред, меѓутоа, сето тоа треба да биде содржано во дозвола што превозникот ќе ја добие за обавување на оваа дејност.

Потоа, не може начини на давање, еве сега тоа што го кажувам за Агенцијата, не може начинот за издавање дозвола, не може водењето на регистар, одземањето на дозволи, висината на надоместокот за издавање на дозвола да ги пропишува директорот на Агенцијата. Затоа што, што ќе прави Министерството? Многу е добро ако го носиме овој закон да ја отфрлиме ингеренцијата за железници на Министерството за тарнспорт и врски. Така ќе има помалку работа.

Потоа, ние не објаснуваме под кои услови, во членот 7, дозволата ќе се издава со рок на важење од 5, а вели со можност до 20 години. Како ќе правиме, некому ќе дадеме пет години без никакви услови, а некому ќе дадеме 20 години. Ако тоа не е во закон ставено, јас не гледам врз основа на кој друг акт или подзаконски акт ќе се донесе, односно ќе се каже на кого ќе се дава дозвола за 20 години, на кого ќе се дава дозвола за пет години.

Потоа, превозникот, ако се одземе дозволата, за промените односно за важност на дозволата или ако се одземе дозволата се кажува дека превозникот, ако престане да ги исполнува сите услови, освен условот од точка 5, а тоа е да е финансиски спсособен. Наместо тоа да биде најголем услов да постои дозволата за јавен превоз, ние кажуваме дека е доволно само кога ќе се даде дозволата, односно сите други докуменети, тогаш да е финансиски спсобен а после не мора да биде финансиски способен и ќе дојдеме до ситуација и тој кој дава дозвола, сега го имаме јавното претпријатие, пак да имаме уште неколку правни субјекти каде што воопшто нема да е битно каква е финансиската способност во текот на функционирањето.

Ако треба да се заштитуваме во однос на развој и во однос на добар железнички сообраќај, ние требаше, особено овој услов што сега го одземаме, тој услов да ни биде приоритетен во однос на функционирање на железничкиот систем.

Ние можеме дозвола да му одземеме, врз основа на член 9, на превозникот, без ниту една причина. Само со дозвола за решение. Кои се причините, тоа ќе го решиме, кажуваме во однос на член 8, меѓутоа недоволно објаснети причини. Треба да се знаат во кои случаеви се одзема таа дозвола. Превозникот кој ќе ги изврши сите статусни промени, мора да знае Министерството, а не Агенцијата за железнички сообраќај.

Ги зборувам овие членови по ред, затоа што навистина кажав дека сите овие работи што не се допрецизирани ќе ни станат многу голем проблем во иднина.

Условите од став 4 на член 12 - Услови за безбедност, не може поблиску да ги пропише министерот а да не се соддржани во законот. Тоа се услови за безбедност и врз основа на овие услови ние даваме уште едно друго решение, решение за безбедност, а министерот ќе ги пропише понатаму. Зошто да не се содржани во законот? Зошто некој кој ќе биде превозник на железничкиот сообраќај да не знае во законот какви ќе бидат сите тие работи?

Во однос на железничката инфраструктура, мислам дека тука ќе имаме најголеми проблеми со управителот. Затоа што не е прецизиран односот помеѓу управител и јавното претпријатие за железничка инфраструктура. Така што, навистина, тој проблем ќе биде многу голем откако ќе се донесе и друг управител на железничката инфраструктура и ќе имаме јавно претпријатие за железничка инфраструктура. Односот помеѓу нив и помеѓу Агенцијата нема да биде во ниту еден член решен и тогаш ќе ги имаме сите тие проблеми во однос на профункционирање и на работата, а јас би рекол за железничката инфраструктура, но со управителот.

Во однос на одржувањето и во однос на заштитата на железничката инфраструктура навистина имаме многу прецизно кажано дали железничката инфраструктура ќе се вкрстува со локален пат, па со индустриски и со сите други работи, а не најдовме за сходно ова допрецизирање да го направиме во однос на Регулаторното тело и во однос на концесијата. Затоа што во Регулаторното тело, не можеме да го решиме Регулаторното тело, без разлика што ќе носиме друг закон само со еден член. Дека ќе се основа Агенција за железнички сообраќај и воопшто нема да ги набројам, односно воопшто нема член каде што тоа ќе се направи.

Во однос на концесијата ние поднесовме 4 амандмани за дообјаснување, меѓутоа тие амандмани не се прифатени. Тие даваат допрецизирање на целокупната постапка за концесија. Тука, воопшто не е познат односот помеѓу Јавното претпријатие и концесионерот. Не може со договор за концесија тоа да се реши, ако го нема во законот.

Во однос на финансирањето на железничката инфраструктура, самите овде кажуваме дека железничката инфраструктура ќе нема никаков развој и во однос на изградбата, затоа што ако во Хрватска може 5 денари да се одвојува од горивото за развој на железничката инфраструктура, ние овде на сосема друга методологија тоа ќе го направиме.

Во преодните и завршните одредби на овој закон, навистина неколку пати спомнав дека јавното претпријатие и сите други членови во овој закон и со Агенцијата што ќе биде формирна, меѓутоа и со управителите, нема да се усогласат во никој случај, затоа што во законот воопшто не постои, а од друга страна треба да се донесат 14 подзаконски акти што произлегуваат од законот за железници. Мислам дека на многу, можеби тоа се сакаше да се постигне, да има усогласеност со сите одредби на мерките за предлогот на директивите од Европската Унија, меѓутоа мислам

дека многу набрзина сите тие директиви се вметнати во законот без објаснување.

Уште еднаш сакам да кажам дека овој закон, како концепт, е добар, меѓутоа, навистина, бидејќи ги немаме подзаконските акти, а од друга страна воопшто не се допрецизирани некои членови, ќе имаме многу големи проблеми во однос на функционирањето на овој закон, во однос на Агенцијата за железници, во однос на Регулаторното тело, во однос на Јавното претпријатие и сигурно, тој однос најмногу ќе претставува и помеѓу односот на Министерството за транспорт и врски. Сепак, да видиме како ќе профункционира овој закон во однос на развојот на железницата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодрам.

Господине Мавровски имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Моите забелешки се многу големи и ако почнам да ги искажувам сите и она што беше дискутирано на Комисија и тоа што сега го говоревме, мислам дека ќе биде премногу, затоа што поголемиот дел од моите забелешки, заедно со господинот Балковски ќе ги предложиме во нов предлог на закон за промена на законот за железници. Само да кажам во кои делови апсолутно има промашување. Можеби во меѓувреме господинот заменик министер, со неговиот министер ќе донесат нешто ново, со што ќе не изненадат.

Проблемите, дефинитивно се со донесување закон за регулаторно тело на кое што министерот се повикува во овој закон, а сето тоа го решава само со еден член, членот 47, каде што се кажува дека ќе се формира агенција.

Понатаму, закон за безбедност во сообраќајот што апсолутно треба да биде донесен и од кој што нема, во овој закон апсолутно ништо не решава.

Понатаму, финансирањето. На овој начин и тоа што го говоревме до сега, со овие 0,3% од Буџетот, Македонската железница не решава ништо. Тоа значи дека мора да се изнајде начин на кој што понатаму ќе имаме изградба на нови железници, што тоа не беше случај до сега.

Во однос на концесијата, останувам на она што е генерална концесија, затоа што Јавното претпријатие Македонски железници е од рангот и типот на ЕСМ, значи одлуката за концесија би требало да ја донесе Собранието. Мислам, оставив да размислувате, да тоа можете да го решите со еден амандман што ќе го поднесете после тоа.

Она што беа мои технички забелешки во однос на безбедноста на сообраќајот, значи, самите, во дефинирањето на правилата, во членот 2, кажувате дека заштитен простор и заштитен појас на железничка пруга е замислен земјишен појас од двете страни на пругата по 200 метри, сметајќи од краевите на пружниот појас, но во членот 35, за кој што говоревме и на Комисијата се случува на 50 метри од железничката пруга да може да се гради рудник. Кажувате дека и тоа е исто по правилата на Европската Унија, што апсолутно мислам дека не е коректно.

Тука мора да се изврши и во однос на каменоломите и во однос на рудниците и во однос на она што значи генерални и детални урбанистички планови на единиците на локалната самоуправа, на постоечките објекти, на објектите што треба да се градат.

На кратко, можеби овие изгледаат кратки забелешки, но ако почнам да ги образложувам ќе треба многу време. Можеби повеќе од два часа. Но, се надевам дека предлог-законот што ќе следи од наша страна, дека заедно со вас и со министерот, се надевам другиот пат да биде тука министерот, барем за делот на финансиите да може да ни објасни нешто повеќе, а за техничкиот дел со вас мислам дека се разбравме.

Благодарам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски, ова е рекорд.

Господине Тромбев имате збор?

**Томе Тромбев:** Многу кратко.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министре,

Би сакал да кажам само две реченици, најкратко, околу овој закон.

Навистина, доста долго се изработуваше овој закон, неколку години и еве, конечно добивме закон. Пред половина година имавме Закон за приватизација на Јавното претпријатие Македонски железници. Ова е закон што ја регулира железничката дејност во наредниот период.

Она што го зборуваше господинот Балковски, јас ќе дадам поддршка на законот, меѓутоа, сакам да кажам дека тоа и е улогата на формирањето на Агенцијата. Агенцијата да биде егзекутива, додека Министрството да ја креира политиката во оваа дејност.

Зборуваме за еден систем кој е еден од постарите сообраќајни системи, со традиција од 130 години. Меѓутоа, би сакал да му обрнам внимание на заменикот министер дека многу брзо треба да се најдат на седница на Собрание и двата закони што треба да го придружуваат овој закон, тоа е законот за безбедност во железничкиот сообраќај и законот за независно регулаторно тело, како ќе се вика, агенција или итн.

Најбитната работа што би сакал да ја профилирам тука пред пратениците е дека она што го зборував во врска со амандманот, сите средства се многу мали за обавување на оваа дејност, т.е. средства за реконструкција на железничката инфраструктура. Тоа беше "Ахилова пета" во претходниот систем, меѓутоа ќе биде и во наредниот систем на обавување на

оваа дејност. Јас не знам, веројатно, обавувањето на дејноста и нема да може да се обавува заради тоа што ќе немаме ни железничка пруга.

За жал, средствата се тие, па останува на Министерството, во наредниот период да го согледа тоа и да предложи на ова Собрание нови финансиски средства, т.е. квалитетен извор на средства.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници од кои 63 за, 10 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за железници.

**Минуваме на точката 5-Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлагачи се група пратеници.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за труд и социјална политика ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека предлагачите на законот за свој преетставник го определија пратеникот Јанаќе Витановски.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за доенсување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници од кои 71 за, 1 воздржан и 7 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеника од кои 72 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ристе Беслимовски поднесе амандман на член 1 со кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Јанаќе.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Бидејки со овој амандман се врши допрецизирање на оваа одредба амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеника од кои 73 за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Минуваме на точката 6-Предлог за донесување на закон за пратениците, со Предлог на закон.**

Предлагачи се група пратеници.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Ве известувам дека предлагачите на законот за свој претставник го определија пратеникот Јанаќе Витановски.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господине Витановски, повелете имате збор.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Во овој Парламент како предлагач на закони скоро секогаш се јавува Владата на Република Македонија, а понекогаш се јавуваат и пратеници како предлагачи. Овој пат како редлагач на Предлог за донесување на закон за пратеници, со Предлог на закон се јавуваат група од 13 пратеници од сите парламентарни групи. И тоа Јанаќе Витановски, Соња Лепиткова, Благој Голомеов, Марјан Ѓорчев, Љупче Мешков, Ристо Пејоски, Хусеинџевад Хусеини, Александар Флоровски, Ефтим Манев, Ѓорѓе Паљошкоски, Назми Бекири, Слободан Чашуле и Борче Петковски. Овие пратеници ме овластија да бидам претставник по овој закон и ќе дадам кратко образложение по законот за пратеници.

Закон за пратеници во Република Македонија не постои. Сметаме дека треба да се донесе закон за пратеници кој ќе ги уредува прашањата за извршување на функцијата пратеник, која што

функција од овој мандат е професионална и кој што ќе ги уредува правата и должностите на пратениците за време на мандатот и потоа по завршување на мандатот.

Законот за пратеници постои во сите развиени парламентарни држави членки на Европската унија. Закон за пратеници има во Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Србија и Црна Гора, Босна и Херцеговина.

При изготвувањето на текстот на овој закон ги имавме во предвид одредбите на законот за пратени од горенаведените држави.

При изготвувањето на законот го имавме во предвид досегашното наше искуство и практика од функционирањето на Собранието во повеќепартискиот систем во Република Македонија.

Причините за донесување на законот за пратеници произлегуваат од потребата за целосна опфатеност на прашањата што се однесуваат на професионалното извршување на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Со Уставот на Република Македонија се уредени основните прашања во однос на извршување на функцијата пратеник како претставник на граѓаните во остварувањето на власта во Република Македонија.

Начинот и условите за избор на пратеници се уредени со Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Некои прашања се уредени со Деловникот на Собранието на Република Македонија. Некои прашања се уредени со други закони. Заради целосно уредување на сите прашања поврзани со професионалното извршување на функцијата пратеник потребно е со посебен закон да биде уредена оваа материја. Уставот дава основа за законско регулирање на прашањата во врска со извршувањето на функцијата пратеник. Законот кој што го предлагаме е во согласност со Уставот и со уставните начела.

Со овој закон се уредуваат прашањата на извршувањето на функцијата пратеник, како и правата и должностите на пратениците во Собранието на Република Македонија.

Законот е краток, јасен и содржи 7 глави и 50 члена.

Законот содржи: основни одредби; започнување и престанување на мандатот на пратеник; неспоивост на функцијата пратеник со други јавни функции; права и должности на пратениците; услови за работа; права на пратениците по престанување на мандатот; преодни и завршни одредби.

Сакам да напоменам дека одредбите на овој закон по однос на правата на пратениците се многу рестриктивни во однос на еден претходен ваков сличен закон. Во овој закон нема ниту дипломатски пасош, ниту има имунитет на пратениците по завршување на мандатот.

Законот го уредува почетокот и завршетокот на мандатот; ги утврдува условите кога му престанува мандатот на пратеникот пред истекот на мандатот. Јасно и прецизно утврдува кои функции се неспоиви со функцијата пратеник. Законот ги утврдува должностите на пратеникот за време на вршењето на функцијата пратеник. Пратеникот сега ќе биде должен да присуствува на седниците на Собранието и работните тела чиј член е. Во рок од 30 дена пратеникот е должен да потполни анкетен лист за целокупниот свој имот и имотот на неговото семејство и да го достави до Анкетната комисија. Законот го прецизира правото на имунитет на пратеникот за време на мандатот, но не и посел мандатот. Законот ги регулира правото на плата и дури надоместоци на пратеници како за време на функцијата пратеник, така и по престанокот на истата.

Споредено со другите закони за пратеници од Европската унија (Хрватска, Словенија, Србија и Црна Гора) во сите наведени закони еден од условите е пратеникот да ја извршува функцијата пратеник најмалку половина од мандатот, а тоа е две години. На пример во Република Хрватск апотребно е пратеникот да ја обавува функцијат апратеник две години и еден ден. Пензискиот стаж се движи различно, од 15 до 25 години. Годината на старост е од 50 до 55 години. Во некои земји е кумулативно во однос на пензискиот стаж и годината на старост, а во некои е само пензиски стаж 25 години, на пример во Хрватска.

Значи, основот на овој закон произлегува од професионалниот однос на пратеникот односно функцијата пратеник во Собранието се врши професионално.

Оттука основ и услов за остварување на предвремена старосна пензија е остварување на плата во Собранието. Сметаме дека со донесување на овој закон ќе обезбедиме поголема професионалност во вршењето на пратеничката функција, ќе ја зголемиме парламентарната демократија, ќе обезбедиме поголема независнсот на пратеникот во одлучувањето.

Со донесувањето на законот пратеникот кој ги претставува граѓаните во Собранието ќе одлучува по свое лично убедување, а во интерес на граѓаните.

Со овој закон ќе обезбедиме поголема одговорност на пратеникот во извршување на професионалната функција пратеник.

Од горенаведеното очекувам поддршка од колегите пратеници за да го донесеме овој закон. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор,го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

(Пратеникот Лилјана Поповска реагира од место и бара збор).

Работиме по текстот на законот.

Повелете госпоѓа Поповска, процедурално.

**Лилјана Поповска:** Јас се извинувам претседателе, меѓутоа јас незнам овие навики и обичаи што ги воведовте ги нема никаде во Деловникот.

Прво, нормално е дека оној што е застапник на законот, предлагач на закон да даде образложение, а потоа треба да прашате дали се пријавуваат другите. Немојте да измислувате правила што никаде ги нема.

**Љупчо Јордановски:** Го гледате госпоѓа Поповска тоа горе? Го гледате.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за доенсување на закон за пратениците.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеници од кои 71 за, 2 воздржан и 7 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 80 пратеника од кои 72 за, 2 воздржани и 6 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Кирил Дојчиновски поднесе амандман на член 41 за додавање нов став 2 по кој претставникот на предлагачите не се произнел.

Пратениците Аце Спасевски и Добре Кирковски поднесоа амандман на член 47 став 1 по кој претставникот на предлагачите не се произнел.

Пратеникот Ристе Бислимовски поднесе амандмани на член 40 став 1 за менување на член 43 и на член 45 за менување на став 3 по кои претставникот на предлагачите не се произнел.

Во меѓувреме предлагачите на законот поднесоа амандмани на член 36 став 3; член 46; член 47 за менување на став 2 и за менување на член 48 и тие се составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 1 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставнико тна предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Киро Дојчиновски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Имајќи го во предвид член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 43 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 1 поднесен од пратениците Аце Спасевски и Добре Кековски под архивски број 072816/16.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Имајќи го во предвид она што го зборував во образложението, амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Повелете господине Кековски, имате збор.

**Добре Кековски:** Амандманот го повлекуваме господинеа претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 1 поднесен од пратениците Аце Спасевски и Добре Кековски под архивски број 072816/7.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор господинот Спасевски.

**Аце Спасевски:** Со оглед на расположениeто на пратениците амандманот го повлекувам и предлагам отсега сите да ме викаат "викарен пратеник", бидејќи таков наслов добив. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

(Пратеникот Лилјана Поповска реагира од место, велејки: со кое право ни го одземата правото за збор).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 78 пратеника, 71 гласале за, 3 воздржани и 4 против.

(И понатаму реакција од пратеникот Лилјана Поповска и некои други од пратеничката група на ЛДП).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за пратениците.

(Пратеникот Лилјана Поповска ја напушти седницата на Собранието).

**Минуваме на точката 7-Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на причините и поселдиците од стечајот на "Експорт-Импорт" банка.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Аце Спасевски поднесе амандман на насловот на Предлогот на одлуката и на член 1, по кој претставникот на предлагачите не се произнел.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на одлуката и на член 1 поднесен од пратеникот Аце Спасевски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Соглед на тоа што станува збор за допрецизирање на одлуката и согласно на ова што го имаме во образложението на одлуката за формриањето на анкетната комисија амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на одлуката.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеникот аод кои 68 за, 2 воздржани и 7 против.

Констатирам дека Собранието ја доенсе Одлуката за основање на Анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на "Експорт-Импорт" банка.

Овде ќе ја затвориме седницата.

Утре во 15,00 часот продолжуваме со оваа седница, со осмата точка, а потоа со законот за радиодифузија.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот).